# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 септември 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата зошто наскоро продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа по 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Јани Макрадули, Игор Ивановски, Весна Бендевска, Никола Ќуркчиев, Тале Герамитчиоски, Радмила Шекеринска, Абдулади Вејсели, Данаил Дончев, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велију, Фијат Цаноски, Есад Рахиќ и Томе Даневски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по предлогот на донесување на законот.

Процецедурално кој бара збор?

Повелете, господин Марјан Додовски има процедурално.

**Марјан Додовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници ВМРО Народна партија во пресрет на ноемвриски извештај на Европската унија излегува со предлог и со барање Собранието на Република Македонија до крајот на септември, значи секој ден во овие наредни денови законите кои се поврзани со хармонизација на законодавството со Европската унија. Тоа значи сите оние седници кои ги имаме започнато и се прекинати, а на кои ги имаме разгледувано законите поврзани со Европската унија односно овде што сите милуваме да кажеме со знакчето на ЕУ да бидат ставени како приоритет на разгледување. Со тоа и како Собрание на Република Македонија и како држва ќе покажеме целосна сериозност во однос на нашето чекорење кон Европската унија,а со тоа би ја засилиле позицијата на нашата држава за добивање на се попозитивен извештај од страна на Европската унија. Очекувам дека сите политички партии како позициони и опозициони во Собранието на Република Македонија дека ќе го подржат овој предлог и очекувам дека веќе уште во текот на утрешниот ден ќе започнеме да ги разгледуваме токму овие закони.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за интервенцијата. Треба да ви кажам дека и нашиот план се совпаѓа со тоа, само што се појавуваат понекаде некакви исклучоци во смисла на итност која би ја побарал Владата, но во 90% случаи така и ќе работиме. Ви благодарам на интервенцијата.

Господине Додовски, дали останувате овде за збор потоа или... ?

**Марјан Додовски:** Може.

Благодарам претседателе.

Она што е нашиот предлог, она што се вика веќе започнати закони да се направи еден приоритет со сите координатори на политичките партии во Собранието и веќе од утре да почнеме да ги разгледуваме сите тие закони, затоа што ноември е премногу блиску и сите очекуваме Република Македонија да има максимално позитивен извештај, а во пресрет на претседавањето на Словенија од почетокот на следната година да имаме добри стартни позиции, за да можеме да очекуваме Република Македонија да добие и датум за преговори.

**Љубиша Георгиевски:** Еве, се извинувам тоа личи дека поведувам дијалог, но во овој час примив известување дека точниот број на законите со европски предзнак што чекаат пред Собранието од други седници во смисла точно на вашиот предлог се 23 и се наоѓаат во 45, 56, 65 и 69 седница. А, кој сака за ориентација да има од пратениците, повелете. Значи, законите се вкупно 23 и се наоѓаат во 45, 56, 65 и 69-та седница. Значи, пронтно работиме на тоа и еве веќе практично во техничка смисла сме спремни.

Господин Шамбевски Оливер има збор, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине претседателе.

Јас сосема накратко, не сакајќи да одземам време од денешнава седница, но имам неколку збора поврзани со Законот, со измените и дополнувањата на Законот на заштита на културните наследства што е потребно да бидат спомнати во насока на појасни позиции при нашето гласање.

Првично, сакам да го поздравам овој предлог кој што го поднесе Министерството за култура. Гледам дека со предложените измени се врши усогласување на законот со законодавството на Европската унија, поточно со директивата 937 за враќање на културните добра незаконски изнесени од територијата на земјата членка на Европската унија, заедно со измените на таа директирва.

Со измените што се предлагаат во делот на реститицијата на културното наследство детално со сите специфики, согласно со директиравата е разработена постапката за враќање на незаконски изнесени добра од територијата на Република Македонија кои што се наоѓаат во земјите членки на Европската унија. Мислам дека ова е навистина исклучително битно и во многу нешто ќе ја поедностави процедурата за она што е, слободно можеме да кажеме и веќе во последно време е тренд на враќање на незаконски одземените, нелегално одземените

артефакти кои што се наоѓаат во музеи во други земји. Ова, исто така, ценам дека е далеку повеќе во корист на Република Македонија, бидејќи според моите сознанија скоро и да нема во нашите збирки или во музеите дела кои што потекнуваат од некоја земја до Европската унија, а кои што се незаконски изнесени од таму. Додека обратната ситуација мислам дека е и тоа како голема.

Исто така, делот кој што се однесува за измените на членот 11 точка 22, со кој што се менува дефиницијата за поимот рекогносцирање се врши во функција на допрецизирање на овој поим. Јас имам разбирање дека ова може да отвори одредени, така да речам контраверзи, недоразбирање итн, но имајќи предвид дека визуелното рекогносцирање како што беше досега во Република Македонија е практично завршена или еве да речеме во најголем дел завршено за што сведочи и мапата, археолошката мапа на Република Македонија со преку 5000 точки, потенцијални археолошки точки, ни дава за право да размислиме за потребата и на допрецизирање на овој термин, на терминот рекогносцирање, бидејќи сега веќе треба да се прејде на една друга фаза, пред да се помине во сондирано исражување, теренот малку ќе се рекогницира поконкретно. Ова, се разбира, во никој случај нема да значи дека сето ова ќе се прави без дозвола, бидејќи за какво и да е археолошко истражување, за која и да е мапа од археолошкото истражување, ќе биде потребно да се добие дозвола од Управата за заштита на културното наследство.

Јас не би се согласил дека ова отвора, широко отвара врати за дивите копачи, бидејќи според она што го имаме за сознание, за жал не многу, но она што го имаме како сознание дивите копачи најчесто и најмногу ги напаѓаат не само веќе рекогницираните, туку во најголем дел веќе локалитетите каде што имаме сондашно, па дури и систематско ископување. Но, исто така, се согласувам со пратеничката Роза Топузова Каревска дека можеби не треба да се избрише тоа како што се предлага во амандманот, можеби постои можност да се допрецизира оваа одредба, со цел со една идеја, има еден збор сондажно кој што е употребен таму, можеби тоа треба да се допрецизира да се избрише итн, затоа што можеби потенцијално остава место за двоумење. Но, и во овој случај и вака како што е, ниту едно ископување на територијата на Република Македонија кое што ќе биде со цел да се рекогницира одреден локалитет, нема да биде во ниту еден случај без дозвола на Управата за заштита на културното богатство и исто така и во тие дозволи колешката добро знае, бидејќи е еден од попознатите археолози во Република Македонија, еден од попризнатите историчари во нашата земја. Верувам дека кога Управата за заштита на културното наследство издава дозвола, во таа дозвола детално е напишано што смее да се прави. Така што и кога би се издала дозвола за рекогносцирање, точно ќе бидат напишани дејствијата кои што можат да се вршат таму. Но, тоа во никој случај не подразбира ископување. Ископивањето е активност која што се врши во следниве фази, како што е сондирање или се разбира систематко истражување и ископување. Во делот каде што се менуваат членовите 55 и 56 од постојниот законик мислам дека се во функција на поедноставување на постапката за издавање на дозволи за археолошки истражувања и тоа навистина го поздравувам, особено што во дискусија со претставници на Министерството за култура добив уверување дека еден од амандманите со кои што се бара допрецизирање, ќе биде прифатен и со тоа мислам дека значително ќе се подобри текстот. Во делот каде што освен за студентите односно луѓети кои што имаат дипломирано археологија, ќе биде прифатено, бидејќи ме уверија дека се работи за техничка грешка и за луѓето кои што имаат завршено археологија со историја на уметност. И, со тоа мислам дека овој дел ќе биде значително подобрен, а јас навистина го поздравувам начинот на кој што се допрецизира односно се допрецизира начинот на кој што ќе се издава дозвола бидејќи досега беше потребно за да добиете дозвола само да докажете дека имате теоретски познавања. Јас не се сомневам дека професорите на филозофскиот факултет на катедрата на археологија или на историја на уметност итн, имаат исклучителни теоретски познавања, мислам дека тоа го докажуваат и нивните дипломи докторски итн, но сега мислам дека е многу добро и тоа навистина го поздравувам што ќе се бара практично докажување на подготвеноста да работите, археолошки да ископувате. Со тоа мислам дека дополнително ќе се заштити културното наследство во Република Македонија од ненамерно девастирање односно девастрирање кое што направено заради нестручно изведување на ископување итн.

Има уште неколу точки за кои што навистина сакам да ги поздравам напорите на Министерството за култура, а тоа се делови во кои што се прецизира дека странци нема да можат да бидат раководители на проектот, иако се разбира ќе можат да учествуваат во самиот проект, од причина што мислам дека на тој начин дополнително заштити нашето културно богатство односно контролата на Управата за заштита на културното наследство ќе биде многу поголема.

Во делот на аудиовизуелните дела, исто така можам од се срце да го поздравам, затоа што навистина сметам дека е тоа добро направено. Има уште неколку точки кои се помалку битни и не би одземал повеќе време, но доколку има потреба во подоцнежната дискусија ќе се вклучам. Ценам дека ова беа најбитните и сметам и апелирам до сите колеги пратеници да ги подржат измените на овој закон, а нашата пратеничка група ќе глас на тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Шамбевски.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има три минути реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Навистина јас во голем дел ја подржувам дискусијата на колегата Оливер Шамбевски и јас исто така дадов подршка на усогласувањето, меѓутоа морав да му кажам на колегата Шамбевски кој што го ценам во оваа област бидејќи ги познава нештата, но во овој момент не сте во право, колега, затоа што околу рекогносцирањата претпоставивте за што се јавувам, пред се  во самот закон имаме контрадикторност. Значи на едно место вели дека во членот 3 рекогносцирање е познавање на определен простор по пат на површински проспекции или контролни сондирања. Што сега, ќе имаме проспекција или ќе имаме контролно сондирање.

Второ, во членот 9 понатаму стои дека под археолошки истражувања се подразбираат итн, и вели археолошки прегледи на теренот реконгносцирања. Значи, контрадикторно е во самиот закон, двата член се контрадикторни. Ве молам, преку тоа не можеме да поминеме.

Понатаму, еве и овие два дена ги посветив на истата работа, ги проверив сите меѓународни конвенции, деловно ратификувани овде, дел донесени од Комитетот за управување со археолошкото наследство. Една од 9-тото генерално собрание на ИКОМОС итн, да не ги набројувам. Секаде, почитувани колеги, почнувајќи од најстариот прирачник што го имаме од 1953 година по кој што најголем број археолози работеа, затоа што немаше друг во тоа време, мислам ние од постарата генерација, секаде реконгносцирањето е недеструктивен метод, недозволува деструкција. Ве молам, и еве ги и препораките што ги имаме, точно она што го цитирав пред малку вели, “онаму каде што е можна предност во однос на целосно ископување, треба да се даде на недеструктивните техники, авионско и теренско рекогносцирање, како и собирање примероци”. Значи, вели недеструктивна техника. Ве молам, колеги, ова не е ниту политика, не е ниту политиканство, туку навистина ќе направиме голема штета. Се согласувам со вас, ќе има дозволи за рекогносцирањето, но видете ги, различна е дозволата на рекогносцирање, различни се обврските кога ќе заврши рекогносцирањето и различни се кога ќе заврши археолошкото ископување.

Ова е многу сериозно и не се согласувам. И досега имаше со издавањето на лиценца проверка на искуството на тие што ќе раководат. Сега се симнува на понизок степен со само 12 месеци теренски истражувања, пет, шест месеци бил кај еден археолог, пет кај друг, ги собрал, миел керамика или пишувал, ќе може да раководи.

Лошо правиме на археолошката наука. Не е добро со 12 месеци искуство да биде раководител на теренски истражувања, како што е Скупи, Стоби и т.н., макар и другите помали истражувања.

**Љубиша Геогргиевски:** Благодарам.

За господинот Оливер Шамбевски, контра реплика една минута повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господине претседателе.

Јас можам да кажам во делот од истражувањето со госпоќата Топузова Каровска се согласувам и затоа реков дек аможеби дополнително треба да се направи разговор со претставниците на Министерството за култура односно за предлагачот на овој закон во делот на контролното сондирање, да се изнајде некој начин, иако мислам дека најголем дел од потенцијалните археолошки локалитети се веќе реконгнистирани во Република Македонија, треба еден чекор натаму во однос на малку поконкретно реконгнистирање заради тоа што државата ќе треба да исплати финансиски средства за евентуалнонатамошно сондирање, па добро е тоа да го имаме, имајќи предвид дека треба да имаме поконкретни податоци.

Што се донесува дод ругиод дел, јас се извинувам, само уште три секунди...

**Љубиша Геогргиевски:** Благодарам, благодарам.

Дали има други за реплика? (Нема).

Нема други пријавени за реплика.

Господине положани, повелете имате збор.

**Азис Положани:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници дозволети и јас во овој Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на културното наследство да кажамнеколку збора, затоа што ценам дека имапотреба и треба да се кажат тие зборови во оваа прилика затоа што се работи за измени кои што се мотивираат со потребата за прилагодување или усогласување кон директивите од Европската унија. Меѓутоа, исто така имаизмени кои што се во однос на неколку елементи и аспекти кои што се многу значајни во практиката во оваа област и кои што менуваат неколку правилакои што мислам дека се многу сензитивни во моментот.

Јас би ја подржал секоја измена на овој закон , која што измена би ги решила неколкуте ситуации кои што се навистина непотребно создадени и секоја тенденција за археолошки истражувања на терените на Република Македонија, затоа што сме сведоци дека долго време секоја дупка што се отвора во Република Македонија со цел за археолошко истражување пред тоа има некои изјави или декларации за тоа што ќе се најде внатре или што би требало всушност да се најде

во тие дупки. И тоа навистина го прави незначаен, или го прави невалидно самото истражување и не ги прави институциите кои што го прават тоа истражување да бидат кредибилни и нема смисла самото истражување. Затоа таквите практики добро би било да се доаѓа од онаа страна и би било корисно за билокаква намера, како штокажав, фактички се непотребни. Судењето за тоа какви археолошки наоѓања ќе има ќе треба да дојде после истражувањата, значи и професионалните описи да бидат од професионалните структури. Зошто се случув аова, зошто ние секогаш сме пред една ваква напната атмосфера за овие работи, или прашања.

Ова се случува вака поради лошото искуство што го имаме во Република Македонија во однос на она што досега се истражувало во оваа насока, или се работело во оваа насока и тоа врз неколку основи.

Прво, поради ниската воља или фактот поради несакањето на структурите кои што управувале во оваа област на културата и науката во нивните структури да примаат и кадри кои што незадолжително припаѓаат на еден единтитет. Со ова сториле еден ареол околу себе овие структури и секогаш, до колку и намерата им биде што може подобра секогаш сепак се остава впечаток за сомнеж, затоа што оваа форма или метод на работа сигурно дека имало со цел да ги оневозможи мислењата и на научниците и на другите науки во оваа област и дека модел или варијанта за заобиколување на оваа работа е избрано најлошото, заобиколување или занемарување на областите во овие институции.

Во последно време ког аима тенденции или настојувања, во последнит е4-5 години, одсега натаму овој процес ќе биде и незапирлив, ќе треба и во оваа област на културните активности да ја доделиме на сите оние кои што нависитна имаат надлежности изнаење во оваа облст, меѓутоа не да ги елиминираме врз основа на една негативна селекција која што долго време порано се случувала. Јас мислам дека со овој закон се настојува на некој начин да се сочува тоа што може да се случува. Значи, да не се дозволи при архиолошките истражувања да се вклучат и луѓе, ненадлежни структури, посебно специјалисти од археологијата кои што доаѓаат од странство. Нешто што е нонсенс.

Јас апсолутно мислам дека во актуелниот закон се регулирани овие рпашања и има доволно механизми кои што всушност ќе овозможат секое лице или институција кое што е експерт, или стручњак, или организирана научна структура, илибило да е тоа институт, установа, или група на археолози која што сака да врши истражувања во Македонија има процедури кои што ја верификуваат нивната надлежност и во постоечкиот Закон така што тие фактички, или државата да не се соочи со некомпетентни структури, со различни групи, со разни политички цели, затоа што доаѓаат и може да доаѓаат, сигурно одат и на други места со цел археолошкото минато да го стават во служба на некоја дневна политичка теза.

Ова е неприфатливо за науката, неприфатливо е и треба да биде неприфатливо и за нас и затоа мислам дека актуелниот закон што е во сила ги има тие механизми кои што го овозможуваат ова.

Што се предлага со овие измени на Законот?

Од една стран апочитувани пратеници имаме прилагодување на неколку аспекти од оваа област со европските диркетиви, нешто што е за пдоршка, има тенденција овде онде да се разјасни процедурата со цел да се избегнат злоупотребите кои што се случуваат и кои што изгледаат веќе актуелни во Македонија. И јас, без оглед што не се согласувам со се што е предложено во оваа форма, сепак би подржал секаква процедура или политика која што нависитна би ги избегнала непотребните конфузии, би ги избегнала предрасудите. Фактички, како што реков во сумарната дискусија, во текот на секое отворање на секоја дупка во Македонија овие процедури се проследени со цел да се остави простор на научното мислење и на надлежните лица кои што врз основа на аргументите ќе ја кажат научната вистина за една таква работа.

Меѓутоа, тоа шро е неприфатливо за мене, читајки ги измените на овој Закон е фактот дека од една страна се вели дека се прилагодуваме кон европските директиви и се создава еден амбиент кој што е поприфатлив, дури и над европските стандарди во оваа дејност, меѓутоа од друга страна се овозможува, или пак се елиминира можноста во Република Македонија при археолошките истражувања да учествува билокаков надворешен експерт , или стручњак, затоа што од членот 57 до членот 59 е уредено дека до колку се јави во Македонија, некоја странска институција или установа, некоја установа научна какви услови треба да исполни и какви директиви треба, или на кои правила треба да се придржува и какви документи треба да поднесе за реализација на една таква цел. Сега е многу контраверзно и интригантно кога се дозволува на овие меѓународни установи да можат да вршат истражувања во Република Македонија така како што е дозволено, или пак со мала измена, меѓутоа лицето кое што е стручно, одговорно лице на секое истражување, земајки го предвид тука и меѓународните институции, во екој случај тоа треба да биде државјанин Македонија.Значи каде е тука европскиот простор, каде е тука желбата и волјата кон научното истражување во Република Македонија з а придонеси и научници кои што се од странство за да може тие да учествуваат со домашните институции или установи, или со групи научници кога професионалниот стручњак кој што треба да ги раководи професионално стручните работи на терен задолжително треба да биде државјанин на Република Македонија. Тука е многу транспарентно драги пратеници, настојувањето да се оневозможи за секое мислење и секој придонес и секое дејство на

секоја структура, или на некое професионално, научно лице од странство во Република Македонија и тој врз научна основа да ги соочи своите мислења со тоа што ќе биде на терен, што ќе биде заедно со македонските археолози како такви и тој да го даде својот придонес, затоа што е евидентно не само во Македонија, туку во сите држави да имаат потреба од размена на експери, имаа тпотреба од научни истражувања. Јас можам да ви кажанм неколку факти и во Република Македонија, меѓутоа и во Албанија и во Грција и во другите места кои што се дле од антиката и кои што се несомнен придонес во културното наследство на антиката, најголемите истражувања и најголемите професионалци во оваа област биле странци. Стручните раководни лица на овие истражувања биле странци и нависитна не можеме да им дадеме никаква забелешка, или некоја некоректност, или имање страна, зафаќање страна од Стоби, од Хераклеја, од Бутрин, од многуте делови во Грција, да не ги споменувам сега сите тука, значи и од делот на Дарданија и Скупи, што се настојува и сега да се стави во процедура. Значи, нема никаков аргумент ние да изразиме толкава недоверба кон меѓународните професионални стуктури кои што се квалификувани не само за 12 месеци, како што се бара сега во новите структури, туку со години се верификувани и имаат оставено позади себе големи делови во оваа област, и тоа објективни дела, дали ние во Македонија сега да им пречиме да не бидат професионални работници на терените на Република Македонија.

Можеби имаат некоја добра целкоја штојас не ја знам, меѓутоа дозволете почитувани пратеници, каква и да е добрата намера која што може тука да се образложи, или “добра намера” со загрозување на нашето културно наследство во Македонија е потребата од заштита на културното наследство исклучувајќи ги странските експерти, како што се прави соовој закон, мислам дека е контрапродуктивно и не прави добро на науката,ниту на статистиките, ниту на научните заклучоци кои што ќе треба да се донесат за направените истражувања и посебно заклучоците што ќе се прават посебно според овој закон.

Значи ова законско решение го става подпрашање секое достигнување и секој научен заклучок кој што ќе произлезе од разните археолошки истражувања токму поради фактот што со закон се забранува на некој меѓународен експерт, стручњак да учествува и да биде раководно лице или раководител на екипата заедно со експертите во Македонија да може да потврдува за објективни научни аргументи тоа што се открило. Значи, ние самите со овој акт кој што се содржи во членот што се менува, значи со измените на членот 10 кој што го уредува и го менува членот 56 каде што се вели дека професионално раководно лице може да биде само државјанин на Република Македонија, и тоа се вели на крајот на овој член, кој штопонатаму продолжува да го третира законот по оваа област, затоа што фактички му се додава една професионална структура на структурите за вршење на истражувања, потоа се опишува што треба да има овој раководител, значи се намалуваат стандардите. Со тоа нема кредибилитет за давање на еден заклучок. Значи, тој треба да има само 12 месеци искуство, а од друга страна се исклучуваат странските лица како можност тие да бидат раководители на терен. Со ова навистина почитувани пратеници ние утре да не се зачудиме кога секој научен заклучок, кога секој резултат од истражувањата кој што би се коментирал, без оглед дали таму можеби и ќе има структури од меѓународниот фактор, без оглед да се каже вака или така рхеолозите албанци или турци, веднаш може да се отфрли фактот заради тоа што со закон сме ја оневозможиле можноста за странски придонес.

Со ова јас не сакам да кажам дека има настојувања за злоупотреба на нашето културно богатство. Кога го велам ова наше, мислам на се што е на земјата и под земјата како културно наследство во Република Македонија од праисторијата од антиката и другито дел и тендензијата за злоупотреба на ова наследство од разни правци, од разни мотиви, од разни моменти, различни, меѓутоа секогаш имаат за цел истите да ги употребат во функција на нивните дневни политички тези за автономија, за доаќање, за недоаѓање, за имање, немање на културен идентитет на разни народи и друго. Меѓутоа, мислам дека ова не е правилниот пат, затоа што ги подржувам сите оние што ги прават чекорите за избегнување на ова што го раскажавме на крај, меѓутоа со овој закон само ќе ја зголемиме недовербата на нашите структури. Ќе ја зголемиме недовербата на јавното мислење и тие што ги примаат овие податоци од овие археолози за овие истражувања. Затоа мислам дека и во другите членови во однос на овој аспект освен тие што се на крајот и што се воглавно за приспособување или за усогласување на членовите по однос на казнените мерки, кои што треба да се направат и кои што се во согласност, неколку директиви, фактички овој дел од законот е непотребен, штетен, ненаучно заснован и научно оправдан и затоа што археологијата е наука и таа фактички е таква што не можат да и се стават граници. Спречувањето на професионалците од странство да учествуваат во Република Македонија е тенденција да се стави во граница научното знаење. Со ова се прави штета на се што од сега ќе излезе како археолошки резултат и кое како материја, сите ние сме сведоци, сите вие сте сведоци дека навистина се зборува, било праведно, било неправедно, меѓутоа тоа е научно прашање, а сега фактички се се каанлизира во една таква насока која што навистина може априори и со закон да преаудицира и да придонесе за проценки за кои што наие нависитна не сме сториле законски простор за научен придонес од страна на секое надлежно лице кое што е од странство, затоа што кога се

дава една таква можност на една установа таа установа, некоја установа од надвор, таа установа е обврзана да има професионалец за одговорно лице. Меѓутоа на раководител странец ние сме рекле дека мора да биде само државјанин на Република Македонија. Значи имаме една намерна контра верзија која фактички е во функција на послабување на научниот и археолошкиот кредибилитет на нашите истражувања што е е една голема несреќе. Зошто велам несреќа? Затоа што Македонија навистина нема од што да се плаши. Македонија навистина е многу богата со античко наследство, со средновековно наследство, со праисториско наследство и од овој аспект може да биде област за сериозно истражување и со позитивна конотација од сите. Научните заклучоци во оваа насока, јас ви гарантирам дека ниту ќе бидат ниту можат да бидат негативни, зато што, верувајте и овој аспект е потврден до сега. Ниту еден сериозен аналитичар, ниту еден истражувач со европски или балкански кредибилитет од оваа област, не би се замерил со овој аспект, ниту на македонската култура, ниту на албанската култура, ниту на другите култури. Овој акт на недоверба кон истите навистина е бумеранг кој фактички е на наша жалост. Како ваков ние не можеме да го поддржиме затоа што не сакаме да ја сносиме одговорноста за една таква ситуација која ќе следи. Ние знаеме дека некој тука може да каже дека ние имаме тука научници со 12 месечно искуство или археолози со 12 месечно искуство што можат да ги исполнат овие услови. Навистина имаме 2 и 3 археолози кои пред 2-3 години биле без работа, сега можеби се и вработени, меѓутоа анализата или археолошката експертиза не е нешто што навистина може да се надомести, или пак да се надомести со нашите внатрешни капацитети затоа што има потреба од размена на искуства, од зајакнување на капацитети, размена на такви искуства кои можат тука да се реализираат заедно, имајќи предвид дека наследството на некој начин, или на некој поспорен и подискутабилен начин со најпроблематизирана основа од сите, е најстарото наследство. Затоа мислам дека научниците со аргументи, многу полесно, говорам за вистинските научници, тие многу полесно можат, врз основа на заедничките аргументи да го најдат заедничкото, отколку манипулаторите и оние кои заради нивни цели сакаат да ги отуѓат фактите. Затоа јас на пратениците би им свртел внимание на тоа, затоа што утре, јас сум сигурен, а бидете и вие сигурни дека тоа негативно ќе се одрази, бидејќи нема можност и многу мали се местата каде тие го ограничиле тоа, професионалниот раководител да биде само државјанин на онаа земја каде се врши истражувањето, бидејќи археологијата не се развива на тој начин и на тој начин не се соочуваат аргументите. На тој начин само се опструираат аргументите и погрешно се третираат. Овде настојувањето е евидентно дека институциите, установите во Република Македонија кои се раководат воглавно од тие од кои се раководи и Управата за заштита на културното наследство во Македонија е таа на кој денес и се даваат многу ингеренции и со овој закон. Значи и се зголемуваат ингеренциите за сметка на Министерството и тие утре врз основа со таков менталитет да донесат определени археолошки заклучоци и странците тоа само да го читаат и после да се чудиме кога нема да ги прифатат истите.

Почитувани колеги, мислам дека забелешките се исклучително чувствителни. За другите измени јас не би бил против. Меѓутоа оваа измена која оневозможува на националниот раководител и условува да биде само од Македонија, мислам дека тоа ги заострува и критериумите на странските организации за истражување и мислам дека тоа не води во правец на зајакнување на кредибилитетот на нашата археолошка наука, на зајакнувањето на кредибилитетот и на потврдување на досегашните резултати кои од сега натаму, врз основа на овој закон, ќе се зголеми конфузијата а со ова всушност ќе се зголемат елементите на недоверба во оваа наука која, намерно или не, ние сме сведоци дека тоа се проследува и во другите области, во историјата, во историографијата, за жал, и во политиката и потоа ние непотребно тука ги анализираме работите за кои некој утре ќе има право да се повика на науката и после што ќе се случи, ќе се случи тоа секој да се повика на својата наука, на онаа наука на која тој и верува. Јас мислам дека науката нема граници, нема ниту етнички карактер, ниту може да биде димензионирана. Затоа мислам дека овој закон е штетен и не треба да се поддржи овој дел што е во однос на тоа што беше мотив на мојата дискусија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Шамбевски, три минути реплика.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Во делот за кој најмногу зборуваше господинот Положани односно за можноста странци да бидат ангажирани како носители на дозвола итн, јас апсолутно не можам да се согласам со неговото тврдење од неколку причини:

Прво, да бидеме на јасно дека странци во целост, во секоја етапа од истражувањето и во секое ниво на истражувањето можат да учествуваат, освен да бидат носители на дозвола. И во овој дел, по исклучок, странски научни институции можат да бидат носители на дозвола, ако е тоа дел од некое поголемо истражување итн.

Овие измени, ова решение вака предложено е пред се и над се заради заштита од тн. авантуристи археолози кои нанесуваат огромна штета на културното наследство, а кои потоа многу лесно ја напуштаат земјата и никако не може да одговараат.

Исто така, тоа е направено од причина што најголем дел од истражувањата кои ги вршеле

странци, достапни се за македонската наука само посредно. Значи откако ќе бидат публикувани во други земји, најчесто од таму од каде е археологот, истражувачот. Најчесто документацијата од археолошкото истражување не ја предваат во Управата за заштита на културното, наследство не ја предаваат во Управата за заштита на културното наследство, не ја публикуваат во Република Македонија, туку тука доаѓа посредно.

Јас апсолутно сум за поддшка на ова решение дека странец не може да биде носител на дозвола, освен научна институција. А тоа што господинот Положани го отвори како сомневање итн, јас сепак ќе го оставам во сферата на дневно - политички шпекулации, не би навлегувал во тоа заради тоа што навистина секое научно истражување, во која област сакајте земајте го, секое подлежи на докажувања, секое подлежи на ревидирања, на здрав разум. Јас повторно ќе кажам, тоа е донесено токму за да се заштити и државата и науката од авантуристи кои прават штета и на науката, пред се на археолошкото и културното наследсво во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Положани, вашата минута.

**Азиз Положани:** Потполно го поддржувам пристапот за елиминирање на археолози авантуристи, но овде не се работи за тоа. Авантуристички настроени археолози имаме и во Република Македонија и не можеме ние само по основ на тоа дека таков човек мора да биде само државјанин на Република Македонија, да мислиме дека сме ги елиминирале тие. Има авантуристи и надвор.

Го поддржувам секое законско решение кое, нив и во однос на доставување на нивните материјали како институции, да не бидат само посредни или непосредни. Значи таквите механизми може да се подобруваат, но не може да се каже дека ги исклучуваме сите надворешни, а со тоа исклучуваме авантуристички структури на археологијата, кои сигурно ги има, но можеби помалку ги има надвор отколку внатре. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Една кратка реплика на господинот Положани. Имено, мислам дека ова законско решение кое сега се предлага, во целост одговара на состојбата во поглед на откривање на културното богатство во Република Македонија, од една проста причина. Никој повеќе од нас во Република Македонија, почитувајќи ги сите институции и институционални решенија, не е заинтересиран за нашето културно богатство, од нас самите.

Значи во решението се предлага само раководител на определени проекти да биде државјанин на Република Македонија. Никој со ова не спречува професионалци кои ќе бидат ангажирани од Република Македонија, да учествуваат по проекти. Со ова само се дава право на Република Македонија, целокупното културно богатство да го заштите од сите досегашни злоупотреби за кои сме сведоци дека се направени во минатото. Значи никакво политиканство овде не е добрено, со тоа што професионалци од други земји ќе дојдат да учествуваат во проекти, не им се одзема правото за истите тие проекти да го дадат тие своето научно мислење. Значи тие не се спречуваат со тоа што ќе биде раководител државјанин на Република Македонија, да го дадат својот научен придонес. Напротив, мислам дека со ваквиот пристап само ќе се верифицира надвор од земјата, се што значи културно богатство и тоа колку богато, на Република Македонија. Се останато е во сверата на политика. Затоа мислам дека раководителите на проектите за понатамошно ископување или откривање на нашето благо, навистина оди во прилог да биде раководител. Значи не е тој некој човек што не е професионалец, па сега ние да не му веруваме на него да го раководи проектот. Или дека во Македонија постојат многу малку луѓе кои се занимаваат со археологија или имаат многу малку научни трудови. Напротив, во Република Македонија имаме голем број на луѓе кои во изминатите години се занимаваат со оваа проблематика и конечно на нив ќе им се даде правото да се стави ред во оваа и те како важна форма на претставување на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Повелете господине Положани, вашата минута за контра реплика.

**Азиз Положани:** Мислам дека нецелисходен е обидот да се аргументира спротивното, а јас само ќе кажам дека начинот како ќе се вклучат странските стручњаци е на следниот начин. Значи стручниот соработник односно тим ќе биде во Тврдината Кале и таму ќе ги види артефактите, а самитот ќе биде на шестиот кат на одделот Стоун Бриџ. Сега овој ќе треба да пресуди од тука, затоа што тој е присутен, ама од Стоун Бриџ ќе гледа и тој од таму. Сега можете да видите како ќе се договорат и до какво сознание ќе дојдат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова Каревска, три минути реплика на искажувањето, се разбира, на господинот Положани.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги.

Во однос на овој член што стана спорен, навистина јас не знам за што говориме, еве и господинот Положани го искажа своето мислење, имавме и реплики и контра реплики, меѓутоа, почитувани колеги не можеме да знаеме за што говориме.

Овде имаме два члена. Во едниот член, во истиот закон што сега ни се нуди, постојното

решение добро си го решаваше проблемот. Сега велиме дека носител на дозвола на археолошки истражувања, може да биде домашно правно или физичко лице што ги исполнува условите итн, вели - по исклучок утврден во членот 57 став 1, носител на дозвола може да биде странско правно лице. Тоа е едниот член.

Понатаму имаме - меѓународни организации од областа на заштитата, само заштитата, каде е тука археологијата, странски научни установи и одделни странски работници од областа на, после се спомнува археологијата, може да учествуваат во археолошки истражувања, само ако работите ги изведуваат во соработка со правните лица и под услови утврдени со договор склучен меѓу нив. Така што, ниту вие господине Положани можете да тврдите дека можат или не можат, затоа што двата члена се исклучуваат, ниту овие што ги реплицираат можат да говорат за оправданоста дали може или не може странско лице да биде носител. Значи, не навлегувам во тоа дали странско лице може, смее, треба или не треба да биде носител на дозвола за археолошки истражувања, дали треба да биде дел од стручната екипа. Се согласувам дека треба да има меѓународна соработка и таа да биде дефинирана со законот, според сите ратификувани спогодби во Собранието. Но, вака дадено, ниту вие можете да кажете дали може или не може, ниту оние што ви реплицираат, дали може или не може. Законот е конфузен по тоа прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Благодарам господине Положани, вашата минута.

**Азиз Положани:** Со дел од вашата реплика јас се согласувам, но се воведува ново ниво или структура која треба да биде склучена во археолошките испитувања. Тоа е стручен раководител за кој, вели, треба да биде државјанин на Република Македонија.

Јас во мојата дискусија реков дека сегашните решенија се доволни и овозможуваат кредибилно и законско уредување на оваа материја. Нема потреба од такво нешто затоа што само по себе, поради таа исклучивост, ќе го доведе во прашање кредибилитетот на многу нешта што и онака се политизираат секојдневно и непотребно. Од тој аспект мислам дека решенија што се во законот се подобри, дека има оправданост за избегнување на некои лоши практики во овој дел но нема потреба од ваков начин на решавање што не е како страндард и во однос на одредени документи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Незири, имате збор.

**Сафет Незири:** Благодарам претседателе.

Вршејќи анализа на овој закон предложен, измени и дополнување на Законот за заштита на културното наследство каде се настојува преку ова Министерство да се направи еден вид усогласување со Европското законодавство, јас во целост би се согласил со претходниот мој говорник, госпоѓа Топузова која рече дека во целост или дел од овој закон, во неколку члена е доста конфузен. Но, можеби од друга страна овој закон се труди, од технички и од правен аспект да биде во согласност со Европското законодавство или Законодавството на Европската унија.

Во содржината на овој закон се забележува дека нема големи разлики од постојниот Закон, посебно во однос на односите внатре, археолошките односи во Република Македонија, посебно во однос на прашањата кои се секогаш дискутабилни, кога се прават археолошки истражувања во Република Македонија.

Едно образложение на еден наш колега од парламентарното мнозинство е дека овој закон пред се ќе се донесе поради попречување на тие кои вршат диви ископи. Јас веднаш би го демантирал тоа и би рекол дека едно произнесување на еден колега од мнозинството е смешно и нестручно изјаснување. Зошто го велам ова? Тоа го велам бидејќи ниеден закон за културното наследство во Република Македонија до сега не дозволуваше да имаме диви ископи или авантуристички и нелегални ископи, што значи дека на еден начин се образлага донесувањто на овој закон.

Она што е посимптоматично, според мене, е дека во членот 55 и членот 56 каде се вршат измени и дополнувања се предвидува дека најголемите надлежности за издавање на дозволи и се даваат на Управата за културно наследство, што значи дека само по себе, пандан или паралела на Министерството за култура е и еден орган кој е род на Министерството за култура. Од друга страна се сака, од национален аспект, сите истражувања односно со овој закон со кој се штити културното наследство, се сака да се заштити на остар начин, бидејќи Министерството за култура е како политичко Министерство, раководено од министерот и не се дозволува самиот министер да издава дозвола за големи истражувачки проекти, како што се случуваа ископите во Охрид, во Скопското кале и на други места во Република Македонија, само од една причина за да се види од минатото дали имало нешто или немало во тие истражувања.

Овде се спомнува, говорам за Управата за заштита на културното наследство, забележувам нешто дека кога го поставив моето пратеничко прашање на истиот заменик министер кој е присутен за семејството Кумбара во Чаир кое има историско минато до почетокот на раниот феудализам до денеска, одговорот од Министерството за култура беше дека надлежен орган за издавање ваква дозвола е Управата за заштита на културното наследство. Што значи дека денес позитивен одговор немаме по однос на ова прашање, а која е целта за не давање на овој одговор мислам дека е на виделина и сето тоа се забележува.

Од друга страна во членот 10 каде се врши измена а членот 56 од постојниот Закон кој го

спомна и колегата Положани каде се вели дека се забранува да има експерти, стручни раководители при археолошките истражувања. Поставувам прашање, дали Република Македонија сега ќе биде попаметна од многу држави во светот кои признаваат и прифаќаат стручни раководители на археолошки групи за истражувања и ископувања или нешто друго се крие во овој дел, во овој член од законот.

Ќе ви дадам пример. Добро знаеме дека археолошките истражувања направени во Палестина или старата историја на Целијстијците во Вавилон или денешниот Ирак, во Троја или Илионис во денешна Турција, во Египет или пирамидите во Гиза и на други археолошки места, ги спомнувам како светски центри на историско светско културно наследство каде експерти, раководители биле странци, а не од земјите каде постојат овие локалитети.

Ќе ви дадам друг пример. Во нашето соседство односно во Албанија на локалитетот во Бутрин има и други локалитети, реаководител на стручната група се Италијанци, Англичани, но и Грци. Има и многу други стручни раководители од надвор.

Се поставува друго прашање, дали со овој закон се настојува да се заштитат неколку ископувања од некои албански историчари од Македонија и арехолози надвор од Македонија ги имаат ставено под знак прашалник археолошки артефакти кои се во некои истражувања. Еве на пример ќе ги кажам истражувањата на скопското Кале, ископувањата во охридскиот локалитет каде според информациите дека тие истражувања се од античкиот период и подоцнежниот феудален престој каде имаме илирска етно култура. Имаме експерти кои поминале по овие охридски локалитети од соседните држави, не сакам да спомнувам имиња, бидејќи еден од нив е политичар кој констатира дека направил приватна посета и рекол, забележувајќи ги тие артефакти забележува дека има историски артефакти од илирската етно култура.

Зошто овие артефакти на пример кои не треба да ги спориме дека имало артефакти од подоцнежниот период од римскиот период, од византискиот период, од османлискиот период зошто не се спомнуваат сите артефакти кои се откриени до сега. Бидејќи на еден начин се сака и се настојува со овој закон да нема стручни раководители за да раководат со овие артефакти се сомнева и за наследството од минатото на Република Македонија.

Ќе ви дадам пример во однос на скопското Кале. Според информациите се настојува дека скопското Кале, добро се знае, каква етно култура имало во минатото знаејќи дека Скопје беше главен град на Кралството на Дарданија и како административен и политички и воен центар на Дарданија сега се настојува да се изнајдат артефакти од крајот на 9-от, 10-от и 11-от век кои припаѓаат на периодот на Цар Самоил. Се разбира која е целта да се постави споменик на Цар Самоил, немам ништо против тоа до колку навистина тука му е местото, нека се изгради. Но не и на скопското Кале. Ова е тоа што нас не прави да се сомневаме зошто да немаме присутни стручни раководители за да направат исгтражувања и археолошки ископувања.

Конкретен пример во истражувањата или археолошките ископувања во Охрид учествувале 400 археолози, а ниту еден од нив бил Албанец, туку имало само набљудувачи од страна, но не непосредно вклучени во овие истражувања.

Мислам дека е ова период кој теба да се политизира со овој закон, бидејќи наводно ќе носиме закон кој е во согласност со европското законодавство, но мислам дека овој закон, пред се, има елементи со тенденција и затоа е овој закон неприфатлив за мене, се разбира и за мојата парламентарна група. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам за реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Со дел од дискусијата од почитуваниот колега се согласувам и јас кажувам дека не е јасно дефинирано во постојниот закон кој и како може да учествува од странските правни и физички лица во археолошките истражувања.

Навистина, можеби постојното решение и тука да имаме малку простор за размислување, но во секој случај е подобро од она што сега ни се нуди. Плус е контрадикторно. Но, не можам да се согласам дека на еден локалитет не можат да се најдат поголем број на хронолошки слоеви. Така што, ако, условно речено, имаме од римскиот, хеленистичкиот период или како што колегата кажува од илевските наоди, тоа не значи дека не може и нема средновековни наоди. Точно, сакам исправка во однос на скопското Кале. На скопското Кале, да, покрај сите овие, дури и неолитски наоди имаме, но немаме наоди од средновековната тврдина. Всушност, скопското Кале и во времето на Јустинијан најверојатно најголемиот дел, но и голем дел од средновековниот период. Не треба сега да се најдат, ние веќе имаме. И со истражувањата од 1966 година, па наваму, имаме голем број на артефакти кои се од времето на раниот среден век вклучувајќи го и самоиловото време.

Сакам една исправка да не остане пред јавноста нејасно дека сега нешто се сака да се прејудицира со тоа.

Во таа насока беше мојата реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за господинот Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам претседателе.

Сакам само едно дообјаснување до колешката Каревска да објаснам дека се разбира јас сум по

вокација професор по историја, не сум археолог, но сепак ги читам археолошките истражувања и тие написи.

Сакам да кажам, во ред, тврдината Кале во Скопје има период од античкото доба и средновековието. Вие треба да ја кажете вистината дека има артефакти и пред средновековието значи и од илирското време. Јас не оспорувам дека нема од средновековието, но тенденцијата беше таму да се најдат артефакти и елементи од самоиловото време за да има тенденциозни и политички елементи. Тоа ми беше целта да ви објаснам.Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство.

Ги молам пратениците кои во моментот не се во салата да повелат во салата, да ги заземат своите места зашто би требало да преједеме на гласање.

(Минуваат минути на чекање).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, наскоро би требало да минеме на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање).

Ги молам службите да достават уште еднаш прецизен број.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Пак нема доволен број).

(Минуваат минути на чекање)

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи наскоро ќе преминеме на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата, зашто преминуваме на гласање.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 58, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Ги молам службите за да го прогласиме ова гласање за валидно, уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

Гласањето ќе го повториме.

Ве молам, на Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 58, воздржани нема, против 1.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата, за да го прогласиме гласањето за валидно.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да го претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 56, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандмани за менување на член 6, за бришење на член 7, член 10 став 1 на втората реченица и на став 5 со кој се менува ставот 4 на првата реченица и на член 18 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани на член 3 за бришење на став 2, за бришење на членовите 9, 10, 11, 12, 15 и 17, член 13 за бришење на членовите 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9 и 10, член 18 за бришење на став 1, член 23 во новиот член 97-а став 2, член 25 став 5 и на член 26 во новиот член 100-а став 3, по кој Владата не се произнела.

Кон амандманите на пратеникот Роза Топузова Каревска се приклучи пратеникот Благородна Цветковска.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Ова е во врска со поимот реконвенстрање за кој се дискутираше пред малку. Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман е прифатен и според тоа станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, понесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 9, понесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Пред да почнам конкретно на амандманот, ќе ми дозволите половина минута да кажам дека јас дадов подршка да гласам за потребата за изманување на Законот за културно наследство и тоа како што кажав, токму поради тоа што делумно е оправдано донесувањето на овој закон, особено во делот на трајниот извоз или реституцијата на културно наследство и усогласувањето со Европската унија. Значи, усогласување со забелешките кои што ги имавме, она што беше договорено при пополнувањето на прашалникот, како и со усогласувањето на законите кои што се донесени, после носењето на Законот за заштита на културното наследство, а тоа е Закнот за прекршоци и Законот за територијалната организација на локалната самоуправа.

Значи, тие закони, околу децентрализацијата и ова претхдно што го кажав, усогласување со европските директиви, да, бараа одредени измени на овој закон и тука ги подржувам и токму поради тоа гласав за потребата за донесување. Меѓутоа, понатаму од исходот, како ќе бидат и другите амандмани третирани, ќе зависи моето финално гласање.

Уште би сакала да се заблагодарам на заменикот министер за прифаќање на прводот амандман и навистина сметам дека со прифаќањето на тој амандман се направи многу значаен потег во областа на археологијата со тоа што поимот “рекогносцирања” се дефинира онака како што е дефиниран секаде во светот. Сепак, во голем дел можеби некаде и се заштитивме од злоупотреба на контролните сонди при рекогносцирања.

Да се вратам сега на предметот на овој амандман. Со овој амандман всушност предлагам да се избрише членот 9 затоа што сметам дека под решението кое го имаме во досегашниот член 55 е подобро, но еве сега со усвојувањето еден дел од овој амандман стана безпредметен, односно сега немаме контрадикција на местото каде што се дефинира што се подразбира под археолошки истражувања во смисла на овој закон и тука немам дилема. До колку јас би имала на овој член два амандмани, едниот ќе го повлечев, но во секој случај овде има и една друга работа која според мене е неприфатлива, а тоа се измените во ставот 2 на постојниот Закон каде што велиме кај носител на дозволата се додаваат и зборовите “стручен раководител на археолошките истражувања”.

Почитувани коелги, мислам дека нема потреба од воведувања на овој нов термин затоа што со постојниот Закон во голема мера добро се дефинираше кој може да биде носител на дозволата, односно имавме дефиниција кој може да биде носител за овластен носител на дозволата. Тука се јавува двојство и конфузија каде што најмалку во овој момент ни е потребна. Значи овластениот истражувач претставува посебен статус и кога ќе се каже овластен истражувач во постојниот Закон, со тоа се регулира статусот, додека изразот “раководител на археолошките истражувања” исто постоеШе овде и беше јасно детерминиран, но сега со воведување на изразот “стручен раководител за археолошките истражувања” конкретно на новиот израз му се дадени две различни правни значења, еднаш како статус што и до сега го имаше овластениот истражувач, а од друга страна како раководителна истражувањата. Сметам дека ова апсолутно немаше потреба да се направи до толку повеќе ако се има предвид дека членот 10 што се дава дефинира кој е стручниот раководител и вели: “стручен раководител на археолошките истражувања се смета лице кое има висока стручна подготовка дипломиран археолог”, сега имам сознанија и тоа е добро дека ќе биде прифатен амандманот на почитуваната колешка Анета, која додава да се додаде и групата Историја на уметност и Археологија, што е многу позитивно затоа што во дадениот став се подразбираше дека може да раководи само дипломиран археолог со дипломи што се добиени последниве 3 до 4 години на Катедрата на Филозовски факултет во Скопје или дипломи од Белград, Загреб или Софија. Нашите дипломирани студенти до 2004 година нема да можеа да се јават. Но добро е што со амандманот таа грешка ќе се поправи и тука немам забелешка,но не можам да немам забелешка на “и најмалку 12 месеци

евидентирано искуство стекнато со учество на теренски истражувања по дипломирањето”.

Почитувани килеги, дури и пратеници од парламентарното мнозинство или оние што ја подржуваат Владата забележаа дека ова навистина е премалку. Верувајте, тука мислам дека треба да се интервенира затоа што навистина можеби постојат и други начини и механизми кој ќе ја добие дозволата, но вака дефинираниот член дава простор за манипулации, студенти дипломирани на Историја на уметност и Археологија во случајов кои имаат 12 месеци, ние знаеме 12 месеци теренско искуство како се почнува: првите месеци се пишува инвентар, се цртаат теренски наоди или пак дури и се класифицира керамиката. Не може таков човек дипломиран археолог да биде одговорен да раководи со археолошки истражувања. Верувајте, тоа е преголема тежина за самиот тој кој ќе ја добие таа дозвола. Дури, такви лица не можат да раководат и со сонди првата година, значи не да раководи со еден цел локалитет како што се нашите познати локалитети Скопско Кале, Стоби, Хераклеја, Вардарски Рид и да не набројувам понатаму. Дури и со помал обем на истражување не може да раководи, нека биде тоа и некоја значајна некропола.

Затоа, го молам предлагачот да размисли околу ова, 12 месеци е премалку. Освен тоа, вака дефинираното се коси и со Европската конвенција за заштита на археолошкото наследство од 16 јануари 1992 година, донесена во Ла Валета. Тука членот 3 јасно дефинира дека ќе се обезбеди научен пристап при археолошките ископувања и истражувања. Понатаму да не ви читам, во таа насока е ова што сега го говорев. Дајте да ги почитуваме меѓународните конвенции до толку повеќе што навистина овој термина вака како што е кажан, јас го објаснив од два апсекти, едниот е што создава конфузија во самиот закон, одговорноста се дели, односно не јасно се дефинира одговорноста на раководителот на археолошките истражувања, значи наместо едно сега имаме две лица и мислам дека тоа не оди во добра насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам пратениците да седнат на своите места.

Гласале 55 пратеници, за гласале 4, воздржано 2, против 49.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата во моментот на гласањето.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 9, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Отворма претрес по амандманот за бришење на член 10 поднесен од пратениците Роза Ропузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Влаата.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот Владата не го прифаќа.

Има збор пратеникот госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Во дискусијата по претходниот амандман опфатив дел и од овој амандман, до колку ме слушаа почитуваните колеги од парламентарното мнозинство, но еве тоа остана така. Меѓутоа, за овој член мислам дека многу сериозно треба да размислиме дали да се избрише или да остане. Ќе почнам по ред. Затоа не знаев како да интервенирам, освен да се избриШе целиот член, затоа што постојното решение многу јасно ги дефинира нештата. Еве, да почнеме од тоа кој може да биде носител на дозволата. Вели, покрај тоа може да биде носител и странско правно и физичко лице. Значи носителна дозвола за археолошки истражувања може да биде странско правно и физичко лице, за веднаш потоа во членот 11 во истиот овој закон да се каже: “Меѓународни организации од областа на заштитата, странски научни установи и одделни странски работници од областа на археологијата можат да учествуваат”, значи само да учествуваат во археолошки истражувања, па нагласува “само ако работите ги изведуваат во соработка со правните лица од членот 56 и во согласнсот со договорот”. Не знам зошто се менув аовој дел од членот. Ајде и да разберам да сака да се укине лиценцата за археолошки истражувања, која до сега ја даваше Министерството, дури има и некои објаснувања дека може да се злоупотреби издавањето на лиценца, но сега ако меѓународните акти и конвенции го бараат тоа, тогаш треба да се замислиме зошто и кој го злоупотребува издавањето на лиценца. Не значи дек аако било злоупотребено, јас не велам дека било, но под услов и да било злоупотребено добивањето на лиценцата дека ние сега треба да го укинеме од законот. Треба да се санкционираат оние кои несоодветно ја издале лиценцата, но лиценцата претставува еден вид на акредитација кој може да раководи со археолошките истражувања. Тука не можам да разберам, наместо да го решаваме проблемот, ние едноставно ќе го укинеме членот и така го решаваме. Има одговорност, нека понесе одговорност тој што издавал на несоодветен начин лиценца, но сепак е еден начин на акредитација и што е најважно, во согласност со меѓународните конвенции и закони.

Потоа, зошто се бришат сите овие ставови кои јасно дефинираат кој се може да биде носител на дозвола, научните установи регистрирани за вршење на работа од областа на рхеологијата, јавната установа, правното лице, значи кој што има најмалку еден овластен истражувач, значи апсолутно со овој член сметам дека добро беше регулирано кој може да биде носител на археолошките истражувања. Почитувани колеги, наместо да одиме напред, намесео да даваме поголемо значење на науката, ние сега се враќаме назад. Не можам да сватам, значи јас не велам сега доктор на науки не може да биде, пак ќе биде, но вака со воведувањето на стручен раководител се дава можност и за манипулација. Реков не сакам да зборувам политички, но извинете, го поставувам прашањето на кого му е потребно овој член да се менува, дали утре, задутре не само од оваа Влада туку и од друга Влада не може ова да се злоупотреби во ставање на партиски кадри да раководат со значајни локалитети кои немаат ниту стручно ниту научно звање. Ве моалм, ова е многу важен проблем за кој треба да размислиме.

Во оваа насока, верувајте, реагираат сите коелги од научните иснтитути, од Институтот за историја на уметноса и археологија и реагираат колегите кои ги имаат и во музеите и во заводите добиено стручните звања, мора да има некои критериуми кои ќе бидат повисоки од 12- месечно работно искуство на терен. Ве молам размислете добро, не знам зошто е потребна оваа измена. Реков не сакам, но се буди сомнеж кај мене дека ова е направено тенденциозно за да може да се овозможи на недооформени кадри со стручно искуство мислам не теориско да можат да застанат и да раководат со локалитети. Верувајте, тоа може во голема мера да ги врати работите назад, нека учествуваат тие во археолошки истражувања и добро е, добро е што сега голем број студенти, повеќе од 300 студенти се вклучени во археолошките истражувања на Скопско Кале и тоа апсолутно го поздравувам, затоа што студентите покрај теориското искуство мора да видат како се работи на терен. За жал, голем број на студенти, дипломирани историчари на уметност, археолози доаѓаа на работа без ден работно искуство, но не може нивното искуство што како студенти работеле 10, 12 месеци или после тоа да биде пресудно за да добијат дозвола.

Најсериозно ги повикувам пратениците од парламентарното мнозинство да размислат околу овој амандман. До колку не е прифатливо бришењето на целиот член, тогаш би го замолила - еве, има право заменикот министер, да се нарпави амандман и измена додека трае седницата, значи до крајот на пленарната седница и да се прифати дел од ова, ако не конкретно ова јас што го говорам. Во спротивно, верувајте ќе и нанесеме голема штета на археолошката наука. Веќе имаме голем број на луѓе кои имаат стручни или научни звања и кои можат стручно и компетентно да раководат со археолошките истражувања. Уште еднаш ќе ви прочитам, пред малку кажав дека и во Европската конвенција за заштита на културното наследство од Ла Валета вели: земјите потписнички ќе обезбедат научен пристап при археолошките ископувања. Ве молам, колеги каков научен пристап со 12 месеци работно искуство? Размислете многу сериозно за ова што го говорам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Во својата дискусија имав исто така слична дилема, но во контакт со луѓето кои ја обавуваат оваа дејност и особено со тимот од Дирекцијата за заштита на културното наследство ми се чини дека би требало да поразговараме околу тоа што значат тие 12 месеци на работа на терен и стекнување на името “стручен раководител” за добивањето на дозвола. Значи 12 месеци нема шанса индивидуата дипломиран археолог да работи во една година. Тие 12 месеци ќе бидат сигурно распределени, тој ќе работи оваа година три месеци на Хераклја - сега си разговараме за да си потпомогнме заедно - три месеци ќе работи на Стоби, три месеци ќе работи на Вардарски Рид, значи со тие 3-4 месеци работење ќе се соберат сигурно 4-5 години сериозна теренска работа. Ако е тоа така, тогаш е добро осмислено за стручен раководител. Добри 5 години по два месеци работа е сериозно да се создадат тие 12 месеци односно година дена.

Но она што ми се чини дека е многу важно во овој момент за добивањето на таа дозвола е планот и програмата. Ако сте стручен раководител, јас мислам дека не може тукутака да се направи сериозен план и програма. Тој план и програма ќе значат каде ќе се копа, зошто ќе се копа, па какво ќе биде копањето, па тој план и програма ќе содржи сериозна дедуктивна метода на местото, на просторот, објаснување и веројатно таа дозвола ќе се добие. Можеби поважно е во моментот кои луѓе ќе ја даваат дозволата, значи тој конзилијум би го рекла и таа стручна комисија при Дирекцијата за заштита на културно наследство, кои се тие луѓе во Македонија кои ќе се здобијат со таканареченото име “стручен раководител”. Да кажеме што не треба да ни се случи. Не треба да ни се случи да се ископа Вардарски Рид и тоа да седи 4 години, затоа што директор на Музејот во Гевгелија е друг партиски човек или војник, седно, и тој во моментот не знае како да продолжи, дали да оди со конзервација и седи 4 години, па тогаш доаѓа Олимпијадата, ние немаме ни предмет, тогаш немаме ни локација во која ќе понудиме, немаме ни табла дека постои Вардарски Рид тука, па на три километри од границата, луѓето, Грците кои влегуваат и излегуваат, странците не знаеле дека постои. Тогашната донација од Мобимак, фала му на Бога, ја постави после година дена.

Тоа е проблемот. Пробелмот е да не си дозволиме партиски војници да не продолжат со она што значи релевантно истражување на археолошкио тлокалитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Топузова-Каревска Роза претполагам реплика.

Повелете, вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Апсолутно се сложувам со колешката Валентина Божиновска да не си дозволиме партиски војници, се сложувам без разлика на било која партија да прават вакви работи како што и досега ни се случуваа во областа на заштитата. Но, токму поради тоа, ќе се сложите со мене дека е најдобро со закон да се заштитиме од тоа. Инаку, луѓето се луѓе, ако оставиме само на нив, некои се посовесни, некои помалку совесни, ако оставиме само на нив, не може да очекуваме ништо. Затоа, мислам дека навистина е добро законот тоа јасно да го дефинира. Во овие измени и во претхосниот закон имаше некои недоречени нешта и јас и тогаш говорев на говорница долго и опширно, некои се поправија, некои останаа, но и сега мораме да признаеме дека законот дава можост за злоупотреба. Затоа, јас сум за тоа јасно до крај да ги дефинираме нештата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Божиновска имате контра реплика, повелете, вашата минута.

**Валентина Божиновска:** Претседателе, дозволете да не го укажам тоа да биде контра реплика, туку тоа е едно наше заедничко гласно размислување во контекст на овој стратешки закон во областа на културата. Ќе си помогнам она што јас го меморирам во 1997 година чинам добро ме држи меморијата кога токму заради некаква дозвола на ископување, се сеќавате на оној момен и се направи филм заради тоа, морам да ви признам дека бев иницијатор да се направи тој филм и ќе се обидам на моите драги колеги од областа на културата да им го дадам тој филм, а тој филм се вика Трагедијата на Вардарски Рид, отприлика така нешто беше, заради тоа што автопатот кој се дозволи да се гради на клучката, верувајте дека половина археолошко наоѓалиште го снема. Замислете, дозволата за градењето на патот, кој ја дал таа дозвола во 1997 година, зошто ја дал таа дозвола, која фирма била толку доблесна да се дрзне да го снема цел археолошки предел, за да имаме ние тука пат. Од такви мигови, јас се надевам од тој момент и тој филм треба да се прикажува на телевизија, тој е феноменален филм направен од средствата за радио дифузија, да видиме што значи како пропаѓа македонското археолошко богатство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинт Васко Шутаров, повелете имате една минута.

**Васко Шутаров:** Во прилог на ова што колешката Божиновска сега го начна како тема, многу интересен сегмент кој што го спомна, третина од Вардарскиот Рид е однесен таа 1997 година заради проектна документација која што го проектирала Автопатот Е-75 д аминува точно низ најзначајното парче од Вардарскиот Рид како археолошки локалитет. Вардарскиот Рид тогаш се уште немаше третман на такво вредно археолошко место, но некаква предумисла во однос на одронувањето на 1/3, затоа се јавив колку да и помогнам на колешката Божиновска, 1/3 од Вардарскиот Рид е буквално однесена во воздух, токму заради тој проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Топузова-Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Почитуван претседателе, ако го следиме Деловникот, забелешката на господинот Шутаров ја сметам како реплика моја или можеби беше збор, не знам што беше.

**Љубиша Георгиевски:** Што сакате, одлучете се.

**Роза Топузова - Каревска:** Без разлика јас ќе завршам сосема кратко. Значи, ова токму што го кажа и почитуваниот колега пред мене, ми дава за право да мислам дека тој ќе го поддржи овој амандман. Јас сум за тоа да се оневозможи било кој да раководи со археолошките истражувања. Да се даде тежина на луѓето кои што имаат научни и стручни звања. Ве молам, верувајте дека е малку, па дури некои пет години и ако бил само една година во тие пет години на терен, навистина за еден археолог тоа е премногу малку. Тој може да учествува во археолошки истражувања повеќе во работното искуство во пет години, тогаш што правел, седел во кабинет и се бавел со кабинетска работа, па нека продолжи и понатаму да се бави со кабинетска работа, има луѓе што треба и во кабинет да работат. Археологијата не е исклучиво на терен, но со археолошките теренски истражувања ќе раководи човек кој што има доволно искуство и знаење тоа да го направи. Археологијата не е обична наука. Археологијата како и сите други науки, впрочем си бара големо ниво на познавање на нештата и методологијата на истражувањата е многу комплесна. Гледате како е таа дефинирана со многу видови на археолошки истражувања. Не може човек со 12 месеци и ова што го кажа колегата ми дава за право да мислам дека тој ќе даде поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, за гласале 4, воздржан 1, против 44.

Молам, службите да достават точен број на пратеници во салата.

Гласањето ќе биде повторено.

Уште еднаш амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 6, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, на втората реченица и на став 5 со кој се менува ставот 4 на првата реченица, поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Овој амандман е во врска со тоа дали странски субјекти можат да бидат носители на дозволи. Само да повторам. Не е апсолутно исклучено странски субјекти да бидат носители на дозволи, меѓутоа на странски субјекти само во специфични случаи ќе им се издаваат дозволи. Значи амандманот се одбива.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Мислам дека постојното решение кое што го имавме во членот 57 доволно јасно ги дефинираше странските научни установи кои можат и како можат да учествуваат во археолошките истражувања и не знам што тука беше спорно. Се вели, странски научни установи, одделни странски научни работници од областа на археологијата можат да бидат носители на дозвола на археолошки истражувања, само ако работите ги изведуваат во соработка со правните лица од членот 56 од овој закон, под услови утврдени со договор склучен меѓу нив. Јас не знам што имаше лошо во тоа. Впрочем, тука може да станува збор за меѓународна соработка, размена на искуства и тоа е добро. Впрочем и досега најчесто сме имале мешовити мисии, не само на истражувачки и не само во Македонија, туку и надвор од неа. Јас на пример имам учествувано во различни мисии истражувачки кои што биле надвор од границите на Република Македонија и тука апсолутно не е ништо спорно. И понатаму се вели, по исклучок на ставот 1 од овој член со особено оправдани случаи, значи истото што го кажа сега почитуваниот министер, на странската научна установа од областа на археологија и на меѓународната организација од областа на заштита, може да се издаде дозвола за археолошки истражувања што се извршуваат како самостојна археолошка мисија. Значи, сосема јасно е дефинирано. Овде имаме, членот сега кој што се нуди вели: меѓународни организации од областа на заштитата, странски научни установи, одделни странски работници од областа на археологијата, можат да учествуваат во археолошки истражувања само ако работите ги изведуваат во соработка со правни лица од членот 56 точка 1 и 2 под услови утврдени со договор склучен меѓу нив. Значи, контрадикторно на она што јас ви го читав неколку пати на членот 10 и верувајте не е добро да остане вака, затоа што немаме јасно дефинирани правни мерки и може да дојде до злоупотреба. Од друга страна пак, ако имаме предвид дека во новиот закон се предлага стручен раководител да може да биде само државјанин на Република Македонија, исто се доведуваме во едно парадоксално решение. Значи, се доведуваме во парадоксално решение кое што не може да не доведе во целост да ја имплементираме препораката на УНЕСКО, која што ја имаме од 1956 година и која што сеуште важи. Нејзиниот член 14 од оваа препорака секаде во светот се применува. Ве молам, многу сериозно говорам околу ова. Ако веќе не ги прифативте измените на членот 10, прифатете ги измените на членот 11, избришете го, затоа што навистина имаме контрадикторност. Доколку ова сега не го изгласа парламентарното мнозинство, ќе предложам измени на законот и се надевам тогаш ќе имам можност пошироко од ова да елаборирам и дека ќе ги убедам пратениците од парламентарното мнозинство да дадат поддршка. Не е ништо лошо да се прифати овој амандман односно да се изгласа. Се става ред во учеството на странските експедиции во нашите истражувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Пауза од еден час за ручек, а потоа продолжуваме со пријавените господин Хасипи Кенан и Кадриу Флора.

(Пауза од еден час)

(Седницата по паузата продолжи во 14,57 часот):

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Дозволете ми да се осврнам на она што во својата дискусија го начна и господинот Положани и во образложението на амандманот се надоврза госпоѓата Роза Топузова Каревска. Имено, за можноста странските научни установи и одделни странски научни работници од областа на археологијата да можат да бидат носители на археолошки истражувања на територијата на Република Македонија.

Амандманот на госпоѓата Роза Топузова Каревска е сосема оправдан и на место и сметам дека нема потреба од ваквото дефинирање на членот 11 од законот од едноставна причина што

оваа проблематика е регулирана со член 57 став 1 и 2 од Законот за заштита на културното наследство, кој прецизно го регулира учеството на странските научни установи на одделни научни работници од областа на археологијата и утврдува кога и под кои услови тие можат да бидат носители на дозвола за археолошки истражвања.

Дури став 2 од член 57 на овој закон е попрецизно и прецизно утврдува кога соодветна научна установа од областа на археологијата и на меѓународната организација може да извршува самостојна мисија во Република Македонија.

Ова е апсолутно во согласност со меѓународните стандарди од оваа сфера бидејќи искуството ни кажува дека голем број на археолошки истражувања на територијата на различни смеји вршеле странски мисии и дека заштитата на културното богатство треба да ја обавува домицилната држава на сосема друг начин, а не на начин оневозможување на странските мисии во археолошките истражувања.

Последните настани што се случуваа околу истражувањата на Калето, ископувањето на Кале и реакциите што настанаа по тој повод исто така одат во прилог на тоа дека оваа проблематика да се укине членот 11 од овој закон и оваа работа да се регулира на начин кој што е утврден во член 57 став 1 и 2 од Законот за заштита на културното наследство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Хасипи.

Госпоѓа Кадриу вие се јавивте за реплика, но извинете јас му дадов збор на господинот Хасипи по грешка, па сега дали сакате збор или реплика на господинот Хасипи, со извинување.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас би сакала да и реплицирам на колешката Роза Топузова Каревска.

Колешке, со особено внимание и со почит ја следев вашата дискусија и тоа првично при општиот претрес и расправа по Предлогот за донесување на овој Предлог на закон. Значи, исто така и денес кога врз база на ваши факти и аргументи се трудите да ги образложите амандманите кои што ги имате доставено.

Морам да признам дека со одредени делови, фрагменти од вашата дискусија јас лично не се согласувам и сметам дека со новите измени односно со утврдување на можноста за учество, но не и можноста странски субјекти да бидат носители на дозвола за археолошки истражувања подобро се обезбедува интересот на државата, националниот интерес, односно се врши подобра контрола. И тоа во врска со потребите за одредени истражувања. Значи, за кои цели се изведува одредено истражување, дали целите се во интерес, или пак се во спротивност и на штета на државата, на интензитетот и на интегритетот на државата. Потоа, видот и обемот на истражување што е особено важно за планирање на заштитата на она што всушност се истражува. Значи со ова ќе се обврзат странските субјекти и институции, странските истражувачи да достават информации од истражувањето и исто така до колку истражувањето е прекинато ќе мора да ги доставaт информациите, или пак да се обврзат истото да го продолжат, да не биде тоа на штета на државата.

Често ја споменувате Конвенцијата од Лавалета и нејзините одредби и треба да знаете дека оваа измена не е спротивна на Конвенцијата од Лавалета во чии одредби никаде прецизно не стои каква треба да биде улогата на странските истражувачи, субјекти односно на странските или поточно речено меѓународни истражувачи на археолошки локалитети.

Значи, со оваа одредба ќе се зајакне довербата пред целокупната јавност за имање на способни професионални соодветни и стручни кадри кои што ќе можат, ќе умеат и ќе бидат способни да бидат носители на археолошките истражувања. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Кадриу.

Една минута контра реплика за госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам, најверојатно воопшто не сме се разбрале. Јас не велам дека можат или не можат да бидат, но исто во досегашниот член 57 ќе се зајакнела улогата, како ќе се зајакне, ако наместо да досегашните решенија со научни, научни, што би се рекло археолози со звања магистри и доктори и стручни звања, значи долгогодишни стручни и виши стручни, советници во музеите и заводите се поистоветуваат со стручен раководител со 12 месечно теренско искуство. Ве молам, какво зајакнување, имаме уназадување, а не унапредување. Да не ја носиме во заблуда македонската јавност.

Имавме и до сега одредени можности јасно дефинирани со членот 2 со што се прави контрадикторност на член 10 и на член 11. Тоа го побарав.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Роза.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмано.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Во салата влегуваат некои пратеници).

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата).

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Уште некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 52 пратеника од кои 3 гласаа за, воздржани немаше и против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик на министерот за култура.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер.

Излегов на говорница затоа што се надевам дека ќе ги убедам пратениците од парламентарното мнозинство да дадат подршка на овој амандман.

Мислам дека овој амандман што го предлагам, за укинување на членот 12 и многу оправдан и не можев да интервенирам поединачно, можеби има некои одредби што и тука се дефинирани правилно, но во секој случај имам повеќе забелешки, да не поднесувам повеќе амандмани, мојот предлог е да се избрише целиот член. Зошто го нудам тоа?

Имено, со овој член се уредуваат условите за издавање на дозвола за археолошки истражувања.

Почитувани колеги, и претходно говорев и пак ќе кажам дека е многу важно кому му се издава дозвола за археолошки истражувања. Тука, сакаме да признаеме или не, од приоритетно зачење е кој раководи со археолошките исражувања. Не смееме нашите значајни локалитети, да не ги набројувам повторно, па дури и оние кои некој ги смета од поново значење, да ги препуштиме во рацете на нестручни некомпетентни луѓе. Меѓу другото и колешката Божиновска спомна околу планот. Имено, токму за тоа се говори во овој член. Еве и конкретно со аргументи.

Во постојниот член се вели што треба да се направи за да се добие дозвола за археолошки истражувања. Основен план за археолошките истражувања, со мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите. Со новиот Предлог закон се напушта основниот план и ни се нуди, зборот план се заменува со програма. Јас навистина не можам да сфатам која е целта и интенцијата на тоа. Ако знаеме дека сепак имаме напуштање на правно надредениот документ. Документот, планот е правно надреден документ на програмата. Потоа, врз основа на планот произлегуваат програмите за археолошките истражувања. Значи тоа е една од забелешките. Повеќе не сакам во оваа насока да елаборирам, мислам дека ме разбравте.

Понатаму што следува. Регулирано е кој се може да учествува во археолошките истражувања. Во постојниот закон се вели, список на лицата кои го сочинуваат стручниот тим инивните задолженија во рамките на тимот со основни податоци и докази за нивните квалификации, за овде да ни се понуди едно единствено решение. Јас се извинувам, знам дека не е интересно, не се прави политика, не се зборува, ниту се напаѓа, уште помалку се фали Владата, но верувајте ако имаме и малку однос и чувство кон нашето културно богатство, ќе бидеме внимателни, затоа што не ги образложувам премногу долго, дури со таа цел поднесов еден амандман да не излегувам три или четири пати на говорница и ги молам пратениците од парламентарното мнозинство барем сега, еве сега никого не напаѓам, не сте засегнати, сослушајте го она што го говорам, бидете малку парламентарни. Значи, сега го нема тоа и стои само податоци за стручните лица кои учествуваат во истражувањата. Кој бега од доказите кои претходно се бараат докази за нивните квалификации. Почитувани колеги, јас велам, наместо ние да ги подигаме критериумите при археолошките истражувања ние се враќаме назад. Вака само податоци, верувајте, повторно е можно злоупотребување при составувањето на тимовите кои истражуваат. Тоа го имавме и во минатото. Немојте да се враќаме назад. Целта е да направиме подобар закон, закон кој ќе биде поприменлив и закон кој јасно ќе ги дифинира работите. Затоа мислам дека апсолутно не е во согласност ниту со ратификуваните меѓународни конвенции, ниту пак ја одразува вистинската слика што ја имаме во Република Македонија. Во Република Македонија имаме многу стручни и научни работници кои можат да се гордеат, да бидат дел од овие тимови и стручно и компетентно да си ја извршуваат својата работа.

Понатаму, имам уште една заблешка на овој член. Во ставот 3 каде се регулираат односите помеѓу носителот на дозволата и сопственикот на имателот на културно богатство, повторно имаме избегнување на одговорноста, имено, во овој случај одговорноста на арехеолозите. Досега во постојниот закон беше дефинирано дека се определува со склучување на договор. Сега наместо договор имаме документ. Ве молам, почитувани колеги правници, кажете ми што значи документ, а што значи договор. Јас барем под договор подразбирам документ кој се случува меѓу двете страни. Тоа е договорот, а овде со документ. Тогаш значи може еднострано археологот да си донесе документ, бидејќи не е дефинирано каков документ и при тоа да постапи спротивно, не само овој закон, туку и на сите препораки и одредби што ги имаме со меѓународните конвенции.

Гледам дека немате интерес, најверојатно и нема да успеам да ве разубедам дека е добро да го изгласате овој амандман и дека навистина

значајно ќе придонесе поготово во овој момент. Затоа излегов од говорница за подобрување на текстот на законот. Во три области ќе ги дефинира нештата до крај и ќе имаме и подобар закон и поприменлив закон и до крај изречен, да не оставаме само со податоци за истражувачите, туку докази за нивната квалификација.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Госпоѓо Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Поднесениот амандман на член 12 од колешката Роза Топузова Каревска потполно го подржувам. Нејзиното образложение беше многу исцрпно исдржано и сметам дека, бидејќи јас сум една од подносителите на овој амандман, амандманот се предлага од повеќе причини, зошто треба да се избрише.

Едно од причините е што во ставот 2 од членот 12 постои номотехничка несогласеност со измени “план и програма”.

Со предложеното решение со ставот 3 од овој член ќе се предизвика можност да се избегне сликата на лицата кои ќе ги вршат истражувањата по однос на нивните вистински квалификации.

Во законот чие донесување се предлага, меѓу другото се предлага намалување на обврските во поглед на истакнување на условите за добивање на дозвола за археолошки истражувања. Така во овој член се предвидува изготвување програма наместо план за археолошките истражувања. Во случајот станува збор за нарушување на правно надредениот документ чија содржина е сосема различна од таа во програмата.

Понатаму, во Предлог законот се укинува обврската за договорно уредување на односите меѓу носителот на дозволата и сопственикот, поточно таа се сведува на приложување документ за меѓусебните односи. Во случајот поимот документ останува правно недефиниран и не пружа никаква правна гаранција за сопстевеност.

Владеачкото мнозинство треба да го подржи амандманот со единствена цел да се подобри текстот на Предлог законот бидејќи е од големо значењ за минатото, сегашноста и иднината на оваа земја.

Можам да забележам како и претходниот, така и овој амандман немој да се изгласа, а немаше доволно пратеници во салата. Тука се направи голема грешка, точно е, ги броевме претениците, затоа да се води сметка за тоа.

Верувам дека колегите пратеници ќе го подржат амандманот во прилог на текстот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Цветковска.

Само сакам да ве уверам дека кога го гласавме амандманот во салата беа присутни 63 пратеници и гласањето помина во најдобар ред.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 56 пратеници, од нив 7 гласаа за, 2 воздржани, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9 и 10, понесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Очигледно дека парламентарното мнозинство, секоја чест на одредени исклучоци, најголемиот дел, според она што се случува во салата и дофрлањата што ги слушам тука додека дискутирам сакаат пратениците од опозицијата да бидат тука без право на глас, ниту да поднесуваат амандмани да можеме час поскоро да ги поминеме амандманите, без никаков придонес. При тоа, почитувани колеги, ако не го прифаќате амандманот, досега многу малку слушнав аргументи и од заменикот министер зошто не се прифаќа, ниту пак, освен еден двајца што се обидоа со некој аргумент, ако можам да кажам, да се спротистават на амандманот, другите едноставно и самите не знаат зошто не ги гласаат амандманите или само заради тоа што се од пратеник од опозицијата.

Почитувани колеги, одредени амандмани можат да се прифатат и не мора, го подобруваат текстот. Но има амандмани за кои сериозно требаше да се замислите и да дадете подршка, поготово вие од ВМРО-ДПМНЕ кои кажувате дека вие сте тие што водите особена грижа за нашето културно богатство, врз основа на вашиот патриотизам, а другите апсолутно не се заинтересирани. Не е така почитувани колеги. Љубовта кон својата земја не се изразува само со големи зборови, туку и со дела кои треба да кажат кој колку работи и како работи за земјата. Но, да поминам на амандманот.

Овој амандман го поднесов со цел да се избришат одредени ставови во членот 13 затоа што сметам дека постојното решение подобро ги дефинира нештата кои се однесуваат на обврските што ги има носителот на дозволата. Но, еве, да не должам многу, од особено значење е тоа, точката 2 која се менува и гласи: “Во рок од една година на Управата да предадат примерок од документација, од извршените археолошки истражувања”, а овде стоеше, да не биде после забуна дека со претходниот закон не се бараше да се предаде документацијата, но вели “во рок од една година на Управата да и предадат финална документација од археолошките истражувања”. Што се бара сега? Финална документација е полошо да се предаде, отколку да се предаде примерок? Навистина мене не ми е јасно зошто да не седнат археолозита откако ќе си ги завршат теренските истражувања, па потоа кабинетски да го обработат целиот материјал и финален извештај да предадат на Управата. Што треба да и предаваат, дневници што се водени на терен, теренскиот инвентар да го предадат, цртежите, инвентарот на керамиката, што да предадат, примерок од документацијата, или можеби техничката документација од исцрпување на профилите или ситуацијата на сондата? Ве мола, навистина е несериозно и навистина не ми е јасно кој, поготово, ајде другото што се зборови, можеби вие сметате дека треба вака да се дифинира и не е толку страшно. Дури има еден став кој што е и подобар и затоа и го оставам, не велам цел член да се брише. значи подобар е од постојното решение и затоа тој треба да се смени и добро е што сте го направиле тоа.

Но, почитувани колеги, во рок од една година да се предаде примерок од документацијата еве прашувам од која документација примерок да се предаде? Од кој сегмент теренската документација. Примерок од документацијата можам утре друг ден да предадам дел од мојот дневник што сум го водела на терен или условно обрасците кои ги водиме за керамичките наоди или исцртување на ситните наоди. Па, немојте, ве молам, ова е несериозно. Добро си стоеше во стариот Закон. Финална документација. Знаеме што се подразбира под финална документација, како треба да изгледа, кои критериуми затоа што и Правилникот за археолошките истражувања ги дефинира што значи финална документација. Сега некој сака да манипулира, некој сака да не седнат археолозите да си ја завршат работата она што им е, за што земаат плата да си изготват финална документација и да си ја предадат на Управата. Така и Управата се заштитува, така се подигаат и критериумите. Навистина не можам да разберам, поготово оваа одредба, кому му пречела. Или, ајде да менуваме нешто затоа што овој закон е донесен во некое друго време. Јас реков и тој имаше недостатоци и ви давам поддршка на се што е во позитивна насока решено. Ви давав подршка и затоа што сте доставиле Предлог закон за измени. Да, беа потребни измени, еднаш реков и 10 пати ќе повторам, добро е што се усогласува со другите закони и Европската регулатива, но немојте, ве молам, она што е добро да го расипуваме затоа што некој друг пред вас така го направил и притоа да немате објаснување зошто е тоа така. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Во членот 13 ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9 и 10 предлагаме да се бришат. Зошто?

Прво, заради подобрување на текстот на законот. Покрај тоа, со овој член 13 од Предлог законот меѓу другото се прави евидентно нарушување на начелото на правна сигурност.

Носителот на дозволата и стручниот раководител се ставаат во исто рамниште од една страна и се прави поделба на законските обврски во врска со истражувањето.

Носителот на дозволата се ослободува од клучните обврски при истражувањето, а нив ги презема стручниот раководител.

Ваквото предложено решение го пренебрегнува фактот дека со дозволата се воспоставува правен однос меѓу органот што ја издава и носителот на дозволата. Во тој правен однос раководителот не е странка.

Исто така проблематично е предложеното решение со новиот Предлог закон за договорното уредување на односите меѓу носителот на дозволата и стручниот раководител ако тие не се исто лице. Ваквото решение може да важи само за раководител што е надворешен соработник, а не и вработен во самата институција, односно носител на дозволата.

Понатаму, во рок од една година во Предлог законот се бара да се предаде примерок од документацијата од извршените археолошки ископувања.

Почитуван предлагач на овој закон, почитувани колеги пратеници,

Ова се коси со се, се знае како се донесува, се донесува финално документација. Нема да зборувам повеќе за тоа, бидејќи колешката Роза Топузова даде пошироко објаснување.

Едноставно, само би ве замолила, малку посериозен пристап кон ова големо национално благо на Република Македонија, посериозен пристап, а не вака да се однесуваме и многу е лесно да ги поминуваме законите без забелешки, а потоа ќе се судриме со многу сериозни проблеми. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Благородна.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам службите да  ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

(Минуваат минути на чекање).

Бидејќи во салата има 61 пратеник, амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 57 пратеника, од нив 7 гласаа за, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик  министерот, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Е, сега се надевам, барем овој амандман малку од малку ќе ви го привлече вниманието затоа што се однесува на користењето на движните археолошки наоди.

Сите знаеме да говориме кога ќе исчезне некој движен археолошки  наод од колку големо значење било тоа за Република Македонија, за нејзината историја, за нејзиното културно минато, меѓутоа, кога ќе треба сите ние да се грижиме односно овде преку предлагање на одредени решенија за подобрување на законот, ние, наместо да го подобруваме тоа, со вака предложените решенија оставаме простор за манипулација. Зошто е тоа така, ќе ви кажам.

Имено, постојниот член 61 го одредува правото за користење на движните наоди и вели Управата со решение определува на кого му припаѓа правотона користење на движните археолошки наоди ископани или најдени при археолошки истражувања.

Понатаму во членовите 3 и 4 јасно се дефинира дека до колку се работи за движни археолошки наоди кои се од особено значење за Република Македонија како понатаму се постапува со нив.

До колку носителот на дозволата има статус на национална установа, тоа е во членот 4, тогаш тие остануваат во националната установа најчесто заради комплетирање на збирките и исто така за научно истражувачка работа.

Во случаите кога не е носител на дозволата, нема статус на национална установа, заради комплетирање на националните музејски збирки ккао носител на правото на користење може да биде определена матична или друга национална музејска установа. Тоа се членовите, подолу ќе бидат споменати, затоа сега ги цитирам.

Почитувани колеги, што овде се менува? Ставот 6 од членот 61 вели: До правосилноста на решението од ставот 1 на овој член освен во случаите на ставовите 3 и 4 кои сега ги прочитав на овој член движните археолошки наоди се предаваат на привремено чување на надлежниот музеј на чие подрачје е вршено истражувањето во рок од 30 дена од денот на завршувањето на истражувањето.

Со ова веќе малку се стави ред како треба да се постапува со движните наоди кога ќе се најдат при самите археолошки истражувања. Но, сега што се случува? Наместо да гледаме оваа одредба уште повеќе да ја зајакнеме да не ни се случуваат афери како што читавме во медиумите некогаш да ги обвинуваат со право некогаш без право стручни и еминентни научници од оваа област да бидат деградирани, значи, да не ни се случуваат такви работи, ќе мора јасно да ги дефинираме нештата. Овде сега наместо да ги дефинираме вели: да се предадат каде треба или на друга јавна музејска установа. Еве, го прашувам почитуваниот заменик министер која е таа друга јавна музејска установа.

Прво, почитувани колеги пратеници, земете го Законот за музеи никаде не стои поимот јавна музејска установа. Дали сака некој да манипулира со движното богатство на Република Македонија? Дали некој сака да манипулира со движните наоди? Вака се руши системот на одговорност, се остава можност за манипулација. Јас ќе кажам ги предадов на друга јавна, но каде да ги предадам, на која друга јавна музејска установа освен ако не на надлежниот музеј на чие подрачје е вршено истражувањето. Од особено значење се регулираат погоре со членот 2 и 3. Ве молам, дајте малку да бидеме посериозни и навистина не знам што имало потреба од овој член.

Дозвоелте ми, но веќе почнувам да се сомневам со овој член 15 во чесноста на намерите. Можеби не е така, дај Боже да грешам, но вака како што е дефинирано се сомневам во чесноста на намерите околу чувањето на нашето движно богатство односно движните археолошки наоди.

Сосема сериозно, ве молам, колеги пратеници, ова не е нешто страшно што ќе го изгласате сега. Единствено ќе го заштитите националното богатство-движните наоди, ќе ставите ред да знае каде истражувачот, еве и да нема намера да манипулира, каде треба точно да ги предаде не по негов избор, не на негова неодговорност туку неодговорност во случајот. Немојте да ги поставуваме нештата недоречени. Законите се тука за еден со друг да бидат во согласност, а не едниот да го негира другиот. Донесовме Закон за музеите и вика друга јавна музејска установа. Каква е таа јавна музејска установа. Еве јас  на пример не знам кому да ги предадам, не сакам на локалниот музеј, а зошто ја направивме децентрализацијата, зошто се ингеренциите на

надлежниот музеј на чие подрачје се вршат истражувањата, зошто да не се предадат таму? Најлогично е таму да бидат предадени. Јас ќе кажам ги предадов на друга јавна музејска установа, таква по законот не постои и како понатаму ќе се постапува.

Ве молам, размислете сериозно, го молам заменикот министер барем овој амандман, ајде другите имаа повеќе решенија, се бришеа цели членови, можеби имаше дилема кај него, ова е толку јасно и едноставно, нависитна не гледам зошто не би било прифатливо.

Се надевам дека овој пат парламентарното мнозинство, барем оние неколку колеги кои ме слушаат со внимание, ќе дадат поддршка на овој амандман затоа што навистина прашањето е многу сериозно за да помине така незабележано.Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Предлагаме членот 15 од Предлог законот да се брише. Зошто?

Амандманот се предлага со цел да се избегнат манипулации во однос на одговорностите.

Со дополнување предложено во членот 15 во Предлог законот се нуди можност за свесно заобиколување на надлежниот музеј на чие подрачје се вршат истражувањата. Тоа и оној што не ја познава оваа проблематика и материја, ќе го забележи. Во таа смисла се предлага можност движните наоди да му се предадат на времено чување на друг музеј надвор од веќе предвидените, како од член 61 од Законот.

Со тоа се отвораат можности за големи игри во поглед на движењето на археолошките наоди.

Гледано во целост дел од археолошките истражувања бараат целосна преработка. Во случај уште позагрижувачко е тоа што со понудените промени се направени со некоја несватлива леснотија и некоја импровизација како и со отсуство на чувство за систем и професионализам.

Понатаму, во членот 15 и јас самата се прашувам, а одговорот веројатно ќе ми го даде заменикот министер, што се подразбира под јавни музејски установи.

Ајде, локални има, национални има, а јавни, такви во законот не постојат. Веројатно заменик министерот ќе ни даде објаснување што подразбира под тоа, бидејќи тој е еден од предлагачите на овој Предлог закон, кој е од големо значење.

Уште еднаш, ги замолувам почитуваните пратеници и верувам дека од заедничко добро за сите е да го поддржат овој амандман, кој навистина, ќе биде од корист за законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам гопоспоѓо Цветковска.

За збор се јави заменик министерот, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Оваа можност се дава само за 30 дена. После тоа Управата одлучува каде ќе се чуваат тие предмети. Не знам навистина што е спорно тука. Освен тоа, јавни музејски установи во законот постојат. Постои можност да се формираат. Во Законот за култура тоа постои. Меѓутоа, пратениците нека одлучат по своја совест.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господоне заменик министер.

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Ве молалм, ова Собрание донесе почитуван заменик министер, Закон за музеи. Тој закон за музеи ни го предлози тогашното Министерство за култура и јас не навлегувам во тоа кој го предложил и како го предложил. Јас велам дали постои или не постои. Таму ваков поим не постои. И уште нешто, немојте за 30 дена. За 30 дена се може да се случи. Зошто објаснете ми не може да се предаде на надлежниот музеј, каде што се вршат истражувања. Што пречи. Токму поради тоа што е 30 дена, 30 дена таму ќе бидат, ќе се евидентираат, ќе се води сметка, ќе имаат соодветно чување, ќе бидат заштитени итн, сега да не набројувам, да не навлегувам, еве и така на колегите веќе навистина, и со право, мислам дека оваа материја можеби им стана и банална да повторувам сто пати. Апсолутно ги сфаќам и колегите. Но ве молам, немојте да говориме нешто што не е така, немојте да ги исклучувате надлежните музие на подрачјата каде што се истражува. Не може се да биде концентрирано на едно место. Во тие 30 дена, токму заради тоа што се 30 дена, мислам дека е добро да бидат таму. Соодветно ќе бидат зградени, соодветно чувани. Каде да ги чува, друга јавна музејска установа. Која е таа друга јавна музејска установа. Истражувањата се вршат во атарот на општина Прилеп. Каде да се предадат, на која друга надлежна јавна установа. Во домот на културата! Или каде? Навистина, дајте да бидеме малку посериозни. А која ви е интенцијата, еве се согласувам со вас 30 дена само се во прашање. Но која ви беше интенцијата да го променувате ова, кога беше јасно дефинирано и е во согласност со актите и законите за децентрализација. Навистина, не можам да сфатам што беше овде промената. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

За збор се јави заменик министерот, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Само уште една реченица. Идејата беше тие што ги вршат истражувањата, тие да испитуваат за што се работи 30-тина дена. Да не го предаваат не знам каде туку тие што го извешиле истражувањето да ги обработат најдените артефакти.

**Бесим Догани:** Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван господин заменик министер, не може да биде така. Вие

велите за тие да ги обработат. Што значи тоа, тие да си ги задржат за себе, да си ги чуваат кај себе. Не може така. Овде сепак стои дека некому треба да ги предадат, не на локалната, на друга јавна музејска установа. Освен тоа, 30 дена наодите како наоди, не се когаш им се потребни. Имаат комплетна документација каде е најден наодот, на самото место на истражување. Имаат евидентен цртеж на самиот терен се исцртува сите движни наоди. Со самото тоа, тој има сознание за што се работи. Компаративните анализи ќе си ги работи потоа тој во кабинетската работа. Апсолутно не се работи тоа за да има време за истражување, туку се работи за нешто сосема друго. Добро беше дефинирано, немаше проблем, не се оставаше простор за манипулации, затоа што верувајте, секогаш кога ќе се рече овие одредби се дефинираат со друг закон, или како што се постапува со друг закон, јас во било која област инсистирам да се каже со кој закон. Исто и овде, или на друга јавно музејска установа. Ве молам, навистина не е јасно дефинирано. Добро си стои во надлежниот музеј на подрачјето каде што се истражува. Појасно од тоа не знам што може да биде. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 53 пратеника, од нив 19 гласаа за, 3 воздржани и против гласал 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Еве со претходниот амандман, се заврши со амандманите од областа на археолошките истражувања и сега се поминува на една друга област интегрираната заштита. Меѓутоа, претходно би сакала уште еднаш да кажам дека за жал, голем број на амандмани кои што во голема мера ќе го подобреа текстот и ќе се вратевме на некои подобри постојни решенија, не се прифатија, ниту од министерот, ниту од парламентарното мнозинство.

Во секој случај, должна сум да изразам благодарност на заменик министерот, околу разбирањето, барем рекогносцирањето да остане онака дефинирано како што е според сите меѓународни конвенции и правилници и археолошките стандарди, односно да не биде деструктивна метода, туку да остане на визуелна опсервација и истражување, значи, на теренот, без да може да се оттргнуваат наоди од него со копање или било каква друга деструктивна постапка. Но сега конкретно на овој амандман, ве молам, почитуван потпретседателе, навистина тешко е да се говори кога премногу се довикува од назад и ве молам барем малку ако сакаме да се слушнеме. Што се предлага со овој амандман? Вака како што е даден сега членот, измените, немаме значи ниту временски рамки, ниту меѓусебно влијание на документите. Се нарушуваат временските рамки и меѓусебното влијание на документите.

Имено, актот за заштита сега треба да биде надреден над просторните и урбанистичките планови. Ќе се согласите дека тоа не е добро заради интегрираната заштита. Смислата на интегрираната заштита е токму во тоа, во потребата благовремено вклучување на културното наследство во соодветните видови просторни и урбанистички планови. Значи, тоа е целта на интегрираната заштита и секако, дека не смее да се дозволи нивно суспендирање само заради, еве да претпоставиме, нечие неодговорно однесување. Вака дадениот член, дава можност за тоа. Сега, почитувани колеги, што би значело ако веќе имаме планови кои што треба да се почитуваат, ако веќе имаме документ, урбанистички планови и јасно се дефинира што ќе се случи во постојниот закон, доколку немаме, односно кога не е донесен урбанистички план, односно општ акт според законот. Зошто е потребно ова дополнување. Надолу јасно се дефинираат ингеренциите, или можеби сакаме да оставиме простор да се влијае и Управата за заштита на културното наследство, еднаш да носи вакви одлуки, па потоа самата да си ги менува одлуките. Немојте да бидеме толку несериозни. Не е потребно да ни се случуваат ситуации какви што ги имаме моментално со Собранието. Еднаш Собранието да биде споменик заштитен и да не смее да се менува изгледот на фасадата, да остане така, со сите тие ингеренции што има Управата, го даде своето стручно и компетентно мислење, а сега имаме програма, дека сега не мора да се почитува мислењето на Управата, туку дајде ние ќе си направиме тоа што сакаме и што знаеме. Не мора да го почитуваме, не мора да има надградба, според тоа што првично ни го сугерираше Управата, да не биде видлива, да биде повлечена, три метра од фасадата, да го

следи ритамот на фасадите 6 метра од оној преден дел по кој што е препознатливо Собранието на Република Македонија, сега може да има и куполи, може да има и стаклени куполи и што не, но околу тоа на друга тема, друг пат ќе разговараме. Ве молам, кога сме кај интегрираната заштита, мораме да имаме јасни одредници, мораме да имаме јасно и прецизно дефинирање на временските рамки и меѓусебното влијание на документите. Со ова укинување, односно со измените на овој член се дава можност за недефинирање на влијанието на документите еден врз друг. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам. Членот 17 од Предлог законот предлагаме да се брише. Зошто? Предлогот е даден од причина што постојното решение во членот 70 на постојниот закон, став 4, кој сега се менува, прецизно ги дефинираше временските рамки и меѓусебното влијание на документите, како што потенцираше колешката Роза.

Во членот 70, на постојниот закон се уредени балансирано токму според начелата на интегрираната заштита, затоа и сметавме дека овој член 17 треба да се избрише.

Во Предлог законот, постојниот биланс на јавниот интерес од двете сфери се нарушува. Тука се гледа. Притоа се предлага заштитата да биде надредена над плановите, односно службата за заштита да има поголема комоција во процедурата за носење на заштита, вклучувајќи ја и можноста со актот за заштита да се предвидат граници и режим на заштитата, што се спротивни на веќе усвоениот урбанистички план. Тоа значи дека се предлага можност со актот за заштита да се суспендира урбанистичкиот план, само затоа што Службата за заштита благовремено при подготвување на заштитно конзерваторските основи, како подлога на планот не успеала да ги направи неопходните согледувања. Или со други зборови, се предлага актот за заштита да биде надреден над просторните и урбанистичките планови. Смислата на интегрираната заштита е токму во потребата од благовремено вклучување на културното наследство во соодветни видови просторни и урбанистички планови, но не и во можноста да се спречува реализацијата на плановите, или да се прави нивно суспендирање, само заради некое или нечие неодговорно однесување.

Сметам дека овој поднесен амандман е од сферата на интегрирана заштита и ќе имате слух да се прифати, а тоа ќе биде од голем придонес за подобрување и на текстот на Предлогот на законот и за добробит на целиот закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Во салата сега се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата гласале 56 пратеници, 5 пратеници гласале за, 2 воздржано и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со постојното законско решение со членот 74 се регулираат ситуациите кога не е донесен соодветен вид на урбанистички план, а притоа на одреден архитектонски објект или локалитет треба да се преземат соодветни интервенции.

Меѓутоа, со членот 18 од Предлог-законот се предлага отстапување од постојниот однос меѓу заштитно конзерваторските основи и урбанистичките планови и со тоа мораме да признаеме дека се отвора правна можност планот да не содржи заштитно конзерваторски услови. Мора да признаеме, јас не сум кој знае колку голем стручњак во областа на интегрираната заштита, но планот да не содржи конзерваторско заштитни услови според мене е многу загрижувачки, затоа што знаеме дека заштитно конзерваторските основи задолжително се вградуваат во плановите. Сега не само со овој закон, тоа е решено и со Законот за просторно и урбанистичко планирање. Што сакаме сега да направиме, дали овде треба повторно да се предизвика хаос и да не должам повеќе, покрај тоа, ова предложено решение почитуван заменик министер не само што е во колизија со правните норми, туку и отстапува од обврските кои што се предвидени во членот 10 од Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство на

Европа. Ве молам, размислете околу ова што го говорам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Блгородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Предлагаме членот 18 став 1 да се избрише. Амандманот се предлага заради подобрување на текстот на законот. Да не се повторуваме со колешката Роза, гледаме дека залудно труд вложуваме, но никако да се разбере ни еден член од постојниот закон. И овде членот 74 од постојниот Закон имаше убаво постојно законско решение, а сега со новиот член 18 се се нарушува. Заради тоа и предлагаме овој член да се избрише. Амандманот се предлага заради подобрување на текстот на законот. Овде сериозно станува збор за непознавање на постојните системски решенија во предметните закони. Со оглед дека заштитно конзерваторските основи задолжително се вклучуваат во лановите, а заштитата на културното наследство е задолжителна содржина на плановите и според Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во таа смисла, со предложеното решение се нуди и колизија на правните норми. Покрај тоа, со таквото решение се отстапува од обврските предвидени во член 10 од Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство на Европа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани пратеници,

Сугестијата за прифаќање на овој амандман од госпоѓата Роза Топузова Каревска ми изгледа логична. Имено, таа предлагаше по ископувањата да се има задолжително конзерваторско заштитен пристап и да се заштити и конзервира она што ќе биде ископано, ако добро ја разбрав. Мислам дека тоа е многу логично и јас би го молела претставникот на Владата ако може да ни објасни зошто тоа е неприфатливо или пак дали можеби овие активности што се логични ги има предвидено во некој друг член, па со овој амандман би се нарушил концептот на законот.

Инаку, јас би го поддржала овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за култура Слободан Деспотовски, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Можеби дел од заблудите настануваат што постои техничка грешка во законот, а зборот "услови" ќе биде заменет, тоа е еден од амандманите на пратениците кој ќе биде прифатен, се заменува со "основи". Тука е можеби голем дел од забуната, не знам дали добро разбрав. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Останувате на тоа?

**Слободан Деспотовски:** Да.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата, а колегите да седнат на своите места.

(Во салата нема кворум и присутните во салата чекаат да се создаде кворум).

Ги замолувам колегите кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите уште еднаш да го утврдат точниот број на пристни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Би ги замолил колегите да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање..

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Бидејќи во салата има 62 пратеници ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеници во салата, вкупно гласале 59, за гласале 8, воздржано еден, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Со овој амандман се корегира една техничка грешка која колку што разбрав, ако добро разбрав ја предизвика дискусијата на трите пратенички, зборот услови, значи условите остануваат, зборот услови се менува со основи. Значи амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој стана составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 во новиот член 97-а став 2, понесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Овде се јавува за обрасците за формата и за содржината на обрасците на дозволите и уверенијата за извоз на предмети. Тоа се решава со подзаконски акти, затоа што тоа е според прописот на државната управа и за тоа решава министерот. Тој донесува подзаконски акти. Значи, амандманот се одбива.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван потпретседателе, еве сосема накратко овде во овој член стои формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата од ставот 1, како што кажа почитуваниот заменик министер од дозволите и уверенијата за изнесување извоз од членовите, значи формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата од ставот 1 на овој член и начинот на издавање на дозволите и уверенијата ги пропишува министерот за култура.

Според мене е пологично тука на министерот да му помогне и стручна комисијата при Министерството, а министерот само да ги потпишува, а не и да тој се занимава со овие работи. Но, еве ако мислите дека треба да биде така, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен. Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 5, понесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за култура.

**Слободан Деспотовски:** Овде се работи за еден термин “сакрално” кој е буквално транспониран од европскисте одредби. Тие ја регулираат оваа материја и истиот поим сакрално е прифатен како поим и во нашата научна и стручна дејност, така што не гледаме потреба овој амандман да се прифати. Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван заменик министер.

Не се работи за терминот сакрална и јас многу добро знам дека зборот сакрално се применува во нашата научна дејност. Имено, и насловот на мојата теза беше Сакралните објекти во Македонија од 9 до 12 век, но нема потреба во таа насока да ми објаснувате. Излезе сега дека јас не знам што значи сакрална. Се работи за друго, зборот сакрална збирка го немате во поимникот на почеток кој што го давате во овој закон и нема потреба дури да биде потенцирано. Не знам зошто се изменува. Знам што е сакрална збирка и тука можам да го разберам, но не ви е усогласено. Еве, во точката 18 сосема на почетокот на законот во членот 11 точка 18 вели: збирка, колекција е множество од еднородни или разнородни предмети што без оглед на инвидуалните карактеристики и самостојна намена на секој предмет одделно поради специфичните својства на поврзаност како целина има претпознатлива културна историска уметничка научна или друга слична вредност, функција или значење и може да се идентификува како самостоен објект на заштита. Што има потреба сега овде да се менува и да стои јавна или сакрална збирка. Па, знаеме што значи збирка, мислам јавна останува, меѓутоа зошто и што се појаснува, дали има ова некоја цел, дајте објаснете ми што имаше потреба и зошто во поимникот го немате јасно дефинирано сакрална збирка. Еве, јас знам, вие знаете, меѓутоа можеби има луѓе и што не знаат што е тоа. Дајте го поимникот, дополнете го со амандман. Не е нешто оваа грешка што не се надминува и мислам дека можеше да се прифати амандманот и немаше во многу да ја смени суштината. Еве јас прифаќам, не го прифаќате амандманот тогаш интервенирајте во поимникот, па барем тогаш ќе биде се во ред. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор заменик минисерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Ова беше следење на една европска директива и мислам дека треба тоа така да го направиме. Меѓутоа и благодарам на пратеничката за разбирањето па ќе видиме што може да се стори.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Доколку го разбрав министерот со оглед дека се следи одредена европска директива, ќе се интервенира многу брзо и во поимникот, така што да биде усогласено едното со другото. Благодарам ако е така, тогаш амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 во новиот член 100 став 3, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура.

**Слободан Деспотовски:** Амандманот не се прифаќа.

На министерот останува да оцени дали ќе формира комисија или ќе се консултира со некој експерт, член или да најде некоја друга форма за да донесе подзаконски акт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Нешто лошо со овој амандман што му се сугерира на министерот со новиот член 100-а со ставот 3, каде што по зборовите министерот за култура, каде што се однесува за примена на незаконски изведени добра на територијата на Република Македонија и се сугерираше овде да имаме и една комисија, која претходно ќе даде стручно мислење до министерот, но министерот смета дека не му треба никаква помош и сака сам да одлучува. Очигледно ова беше се со една најдобра намера

да се почитува и стручното мислење на кадрите кои што ги има. Точно е дека министерот може сам да одлучи, но не гледам што беше лошо во тоа да се прифати овој амандман. Според ова малку ќе имавме и една децентрализација на ингеренциите на министерот да не биде сам за се да одлучува, меѓутоа не почитувајќи го мислењето на стручната комисија, но ако Министерството цени дека министерот треба исклучиво да биде самиот тој кој што сите тие работи ќе ги завршува, тогаш нека остане така. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Минстерот само ќе ја бира формата за консултации, не му се наметнува формата, ништо друго. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Благородна Цветковска.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Најнапред да упатам голема благодарност до заменик министерот и почитуваните колеги пратеници.

Кога за ваков Предлог закон културно наследство немаме разбирање, немаме сенс, не прифаќаме ништо што е во интерес на подобрување на предлог текстот на законот, тогаш што би направиле за другите закони кои не следат и треба да ги усвојуваме. Мислам дека барем некои од предложените наши амандмани требаше да биде прифатен, а вака испаѓа дека министерот со некоја пристрасност од опозиција не прифаќа ништо, од позиција прифати еден амандман, кој не беше којзнае колку исцрпен и даваше некој каков исцрпен предлог на текстот. Но, сепак, благодарам и во ваква атмосфера во каква работиме, по десет минути се чекаме за секој амандман, сепак благодарам, да го поминеме овој закон, бидејќи е од интерес на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикува да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници во салата, гласале 57, за гласале 8, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Дали имам само уште 4 минути до крајот на работното време.

**Иван Анастасовски:** Не знам дали го видовте дописот до 17,30 работиме во наредните 20 дена.

**Роза Топузова Каревска:** Тогаш благодарам, јас мислев дека имаме само неколку минути.

Јас би сакала сосема накратко да го искажам мојот став. Имено, денес на дневен ред имавме еден според мене многу значаен закон кој што се однесуваше на Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за културна заштита на културното наследство. Има 15-тина амандмани амандман, за жал, се прифати само еден амандман, но јас сум и благодарна за тој амандман што се прифати, затоа што сметам дека беше од суштинско значење и барем ќе може да се спречи неконтролирањето и деструктивното делување при рекогносцирањата односно неконтролирањето, неконсолираното поставување на контролни сонди. Токму поради тоа што законот, како што кажав, имаше потреба да се усогласи со европските директиви, имаше потреба да се усогласи и со законите кои што се донесени по неговото донесување односно Законот за прекршоците и законите за децентрализација каде што одредени ингеренции поминуваат од централно на локално ниво и со одредени директиви од Европската унија, значи во тој дел апсолутно давам подршка. Затоа, јас гласав за Предлогот за донесување на овој закон и сметам дека е добро што имавме, барем во тој дел, едно вистинско усогласување кое што ни е неоподно.

Но, за жал, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, не наидов на разбирање и од ваша страна, барем еден од амандманите кој што сметам дека беа апсолутно издржани и цело време ги бранев со аргументи, цитирајќи одредби од одредени конвенции, одредени работи ги бранев со аргументи изнесени врз моето искуство на кои што сум наидувала во изминативе 20-тина години, за жал, за вас сето тоа не беше доволно. Вие немавте контра аргументи да ми се спротивставите, барем да имаше дебата можев да ве разберам, на моите аргументи да изнесете контра аргументи и јас можеби ќе увидев дека јас сум во право односно дека сум поднесла амандмани без да имам доволен број на аргументи, со кои ќе ве убедам вие да ги прифатите амандманите, а можеби и вие ќе ме убедевте јас да ги повлечам амандманите.

Во недостаток на аргументи од ваша страна ми останува да мислам дека барем дел од амандманите тенденциозно не се прифатени од страна на министерот, или изгласани од парламентарното мнозинство само поради то аштo доаѓаат од пратеникод опозицијата, но и тоа е пракса, сигурно дека кога ќе видиме дека законот во пракса тешко се имплементира тогаш ќе сватиме дека не требало да се тера инает и да не се прифатат амандмани кои што беа најдобронамерно поднесени. За кои што имав консултации со голем број на колеги од научните иснтитути, колеги од музеите, националните

музеи и т.н., луѓе кои што секојдневно се судираат со овие проблеми. Еве, да кажеме дека јас сум веќе повеќе години надвор од целата оваа проблематика, но почитувани колеги морам да ви кажам  дека археолозите и оние што се бават со заштита, интегрираната заштита на културното наследство многу често се судираат со пробелми од овој тип, за кој што сега говорев, а во интерес на времето нема да ги повторувам. Инаку, можам и повторно да ви укажам каде јас со амандманите сакав да интервенирам по Предлогот на законот.

За некои амандмани можеби имам разбирање затоа што  нудеа некое решение кое што можеби е подобро, затоа што мислев дека претходното решение е подобро отколку она што сега ни се нуди, но за некој навистина можам да кажам дека апсолутно се контрадикторни еден со друг член во самиот Предлог на закон. Тоа беше примерот со членот 10 и 11, да не се навраќаме повторно, еден со друг се контрадикторни. Имаше повеќе такви места, ноне знам, најверојатно заменикот на министер, јас не знам од која професија е, но сигурно дека стручните служби му укажале дека не треба да бидат прифатени овие амандмани без поголема аргументација од негова страна. Односно, тие да му достават поголема аргументација па барем тој да се обидеше мене да ме разубеди дека јас беспотребно сум ги поднела овие амандмани.

Почитувани колеги пратеници навистина мојата намера беше наискрена, најдобра, во консултација со голем број на колеги се со една единствена цел да им ја олесниме работата при истражувањата од една страна, а од друга страна да се подигнат критериумите во археолошките истражувања и од трета страна да имаме поголема одговорност и да имамепоголем ред при археолошките истражувања и интегрираната заштита.

Колегите од парламентарното мнозинство сметаат дека сето тоа е содржано во овој закон, во овие измени, но јас велам дека не е, ќе бидеме сведоци дека многу брзо можеби ќе ни стигне друг предлог за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство.

Со ова пред се сакав да се стави еден ред и колку толку да се олесни работата во истражувањето на  коелгите, затоа што знаеме под какви услови на терен работат истражувачите. Секако дека и тие ја чувствуваат целокупната економска ситуација, знаеме со колкав ентузијазам работат на терен и за какви плати и никакви надоместоци. Значи, имав желба, искрена желба да имаат подобра законска регулатива каде што ќе нема недоречености, каде сите ќе се чувствуваат еднакви пред законот исите ќе добиеа еднаква можност не врз база на партиската припадност, туку врз база на нивната стручност и компетентност.

За жал не се прифатија амандманите, во таа насока не се подобри законот. Се остави простор на многу  места сонедоречености,со до крај недефинирани решенија да има просотр за манипулација кој што не оди во прилог ниту на истражувачите, ниту на заштитата на културното богатство, ниту пак на Република Македонија.

Токму поради сето ова што го кажав, јас дури побарав на самиот почеток да се повлече Предлогот за донесување на закон, да се пушти на јавна расправа и потоа да можеме да расправаме, да дебатираме во Собранието за закон кој што ќе го погледаат, своето мислење ќе го искаже и стручната јавност пошироко и да донесеме еден применлив закон и усогласен со европските директиви,односно хармонизиран со законодавството на Европската унија. За жал се немаше слух за тоа и поради неприфаќањето на големиот број амандмани, не некој да го свати погрешно како суетност, туку заради тоа што навистина мислам дека во законот вака понудените решенија не се добри, имаме полош закон од претходниот, и претходниот Закон имаше одредени недостатоци, нема да дадам поддршка за изгласување на законот за културно наследство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор заменик министерот за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам.

Не се сомнева дека пратеничката е добронамерна, нема никаква дискусија за тоа, но сакам да нагласам дека и при изготвувањето на законот вршени се консултации. Значи, ова не го правел некој затворен круг од еден или двајца правници кои немаат никаква врска со реалноста и доле што се случува на теренот. Значи, работеле професионалци, професионалци правници во констултација со консултации на здружените археолози и т.н.

Што се однесува до забелешката за амандманите дека не се давало образложение, за некои дадовме, за некои не дадовме, меѓутоа да потсетам дека одговори  на сите амандмани имаше во експозето на министерот и во експозеата на некои од пратениците. Значи, ќе требаше да се повторуваме, а дали законот е полош или подобар, сега или пред измените, дали тој е применлив или не е ќе покаже иднината. Јас сумубеден дека е применлив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три  минути реплика за пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

Сега имаме една ситуација каде што господинот Васко Шутаров е за реплика по однос на говорот на госпоѓа Роза Топузова Каровска, а вие сте за реплика на ...

Ве молам да го завршиме вашиот циклус колешке Топузова.

Три минути за реплика за вашиот говор има пратеникот Васко Шутаровски, повелете.

**Васко Шутаровски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина чувствувам потреба да и се заблагодарам на колешката Роза Топузова

Каровска за огромниот напор што го вложи во оваа дводневна дебата да не убеди во нејзините аргументи, тоа е за секоја почи. Меѓутоа, многу ми е жал, имам сериозна забелешка што како искусен пратеник и човек од оваа бранша што не спомна неколку круцијални, суштински моменти што ги носат овие измени и дополнувања на Законот, а што сметам дека ќе бидат белег на овие измени и дополнувања.

Тоа е сегментот на реституција.

Македонија е на врвот меѓу 15-те земји во светот која што има најмногу артефакти низ светот, скоро најценети, најголеми збирки, а ова што денес го носиме како изменување и дополнување, брзајќи да транспонираме некои европски норми не забележуваме дека освен обврски имаме и сериозни права.

Од тоа што во Македонија е оставено трага како усмена или писмена за артефактите или дисперзираното културно богатство што е раздвоено секаде низ светот, членот 32-а, членот 100-а, б и в децидно зборува или конкретизира многу одредби кои што на нашата земја и даваат право да почне да врши и дентификација, попис, или документација на се она што се смета за нејзино дисперзирано културно богатство насекаде вос ветот.

Според некои сознанија само 4 илјади битни артефакти има во Србија. Огромен број ан артефакти се наоѓаат во Бугарија, во Болоња, се наоѓа таканаречениот Болоњски Псалтир заменет за ефитини пари во 19 век, златни обетки. Овие измени и дополнувања како и Конвенцијата за нелегален извоз на културни и недвижни добра, почитуваната колешка знае дека е ратификувана во минатиот состав на Собранието, на Република Македонија и даваат право да почне да си ги бара своите движни културни добра расфрлени секаде низ светот.

Овие измени и дополнувања немаат ретроактивно дејнство, но постои можност Македонија со билатерални договори со повеќе земји, што е факт на одредена политичка волја или одреден политички момент да почне да си ги бара своите културни богатства што се наоѓаат во светот, но за почеток овие измени и дополнувања даваат можност Република Македонија да почне сериозно да се занимава и со своето културно богатствоп насекаде расфрлано низ светот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута за контра реплика на госпоѓата Роза Топузова Каровска**,** повелете**.**

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван колега.

И јас сакам да ви се заблагодарам за тоа што цело време, во најголема мера ја следевте мојата дискусија, еден од ретките, морам да признам, но најверојатно имаме недоразбирање, не сте биле на почетокот кога јас говорев кога почнавме по Предлогот за донесување на законот и реков дека е оправдано во одредени сегменти и зато агласав, затоа дадов подршка. Апсолутно се согласувам со вас дека што се однесува на одредбите кои што го регулираат крајниот извоз е реституцијата на движното културно наследство кое сега, имаме и нова дефиниција “национално богатство”, апсолутно е оправдан во тој дел донесувањето на законот. Тука немам забелешки, дури и давам подршка, го поздравувам.

Сосема на крај, јас исто колку и вас, а можеби и повеќе имам желба да се врати нашето непроценливо културно богатство во нашата земја, местото каде што му припаѓа и да ги красат нашите витрини, а не витрините на светските музеи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Бидејќи останав последна во дискусијата, имајќи во предвид од какво значење е овој закон, закон за Европска унија јас во петокот дадов свој допринос, денеска преку пвоеќе укажувања амандмани, кои за жал не беа прифатени, во интерес на времето, во интерес на сите вас за да се почитуваме меѓу себе се откажувамод мојата дискусија.

**Иван Анастасовски:** Значи се откажавте од дискусијата.

**Благородна Цветковска:** Да.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Уште еднаш ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. За гласале 58,нема воздржани и 3 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во

Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Кој е против, молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

На седницата присуствуваат 12 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

За предлогот гласаа сите 12 пратеници, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство.

**Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за постапување по претсптавнки предлози.**

Предлагач е Владата на Република Македонија, Министерство за правда.

Дали имаме претставник од Министерството за правда.

Присутен е министерот за правда.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за постапување по претставки и предлози.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за постапување по претставки и предлози за што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Гласањето не е валидно, го поништувам.

Ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме на гласање.

Почитувани колеги, бидејќи немаме кворум за гласање, овде завршуваме со денешната работа, продолжуваме утре во 10,30 часот со гласањето по оваа точка, значи со истата седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17, 30 часот)